# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратени,

Ја отворам Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Томе Тромбев, Наташа Биковска, Ана Андова, Игор Ивановски, Зоран Шапуриќ, Андреј Жерновски, Исмет Рамадани, Љубчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Сашко Ќедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Аднан Ќахил, Ристо Пејовски, Слободан Чашуле, Фазли Велиу, Али Ахмети и Ванчи Георгиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници, односно 66 пратеници.

Знам дека двајца излегоа надвор, Најдовски и уште еден.

Молам службите да го утврдат бројот.

Ги молам пратениците да влезат.

Господине Најдовски, ако ме слушате влезете.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, членови на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 54-та и 60-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците?

Констатирам дека нема, а со тоа констатирам дека записниците од 54-та и 60-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови.

Има збор господинот Владо Бучковски, претставник на Владата.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Итноста на постапката е мотивирана од досегашните решенија на Законот кој што, ако нема измени на актуелниот закон би требало господине претседателе многу скоро вие да ги распишете локалните избори.

Затоа Владата, меѓу другите измени, приоритетот зошто токму на денешната седница инсистира да има измени во Законот е едната од одредбите со која што предлагаме на Парламентот да се дефинира дека секоја трета недела во октомври ќе бидат во иднина изборите за локалната самоуправа во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 51 пратненик, 47 гласале за, 3 воздржани и 1 против.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во салата, во моментот на гласањето беа 62 пратеници. Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон

за изменување на Законот за избирачки список, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови.

Повелете господине министре.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ова е дел од пакетот закони со кои во пресрет на локалните избори би требало да се доуреди материјата и да се продолжи рокот за увид во избирачкиот список, поентата е околу ажурирањето. Но, оди во пакет со претходниот закон по кој што веќе Парламентот се произнесе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи двајца излегоа. Немаме кворум.

Ве молам да  седнете на своите места.

Бидејќи за претходното гласање немаше кворум, го поништувам.

Ве молам седнете за да можете да гласате.

Предлогот на Владата го ставам на гласање и ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 57 гласале за, 3 воздржано а 2 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на  Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за заштита и спасување, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесувње на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови.

Има збор господинот министер за одбрана, повелете господине Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Предлогот за донесување на закон за заштита и спасување, заедно со Законот за управување со кризи е дел од пакетот закони што значат имплементација

на реформите што се прават во безбедносниот сектор. Инсистирањето на Владата да се најде во скратена постапка на денешната седница е од две причини:

Првата причина е Истамбулскиот самит, што ќе биде во јуни о.г., на крајот од куни, а втората причина, би сакале пред доаѓањето на генералниот секретар на НАТО, господинот Шефер кој ќе има обраќање во Парламентот да покажеме и конкретно дел од реформите што се верифицирани како многу добри, да бидат и операционализирани со две законски решенија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 58 гласале за, 3 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е  усвоен.

Владата на  Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за управување со кризи, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесувње на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови.

Има збор господинот Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Господине претседателе, причините се исти како кај претходниот закон, една причина повеќе што претходно ја испуштив.

Интенцијата на Владата, токму на денешната седница на Парламентот да го гледаме и овој законски проект, заедно со претходниот, но и со Резолуцијата за трансформација и развој на одбраната, беше мотивиран и од Одлуката на Парламентот да се предложи денеска да се гледа и Декларација што ја понудија двете собраниски комисии со што ќе се подигне нивото на соработка помеѓу Република Македонија  и НАТО.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 59 за, 3 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија, предлага Предлогот на резолуцијата за развој и трансформација на одбраната Собранието да го разгледа на оваа седница.

Предлогот на резолуцијата Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата оваа резолуција да се разгледа на оваа седница.

Има збор министерот за одбрана, господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Причините се оние што веќе ги спомнав за претходните две точки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 59 гласале за предлогот, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски”; Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври” и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисиата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата господинот Каме Петров.

Повелете.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам господине претседателе.

За денешнава 62 седница на Собранието на Република Македонија Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага по итна постапка да се разгледаат прашањата што вие ги цитиравте.

Предлозите што вие ги цитиравте се доставени во писмена форма до сите пратеници на Собранието.

Итноста и неодложноста произлегува од фактот што мандатите на досегашните состави на одборите претставуваат од 29 мај о.г., па според тоа има итна потреба од навремено формирање, конституирање и одлучување на овие одбори.

Истовремено тоа се однесува и за третата Предлог-одлука.

Затоа, врез основа на член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија сметам дека ова е итна потреба и неодложна потреба и има потреба на денешнава седница овие прашања да бидат разгледани и да бидат донесени одлуките.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски” да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 61 пратеник гласале за, воздржано 1 а против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври” да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, 1 гласал воздржано а нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Претседателот на Република Македонија достави предлог за именување гувернер на Народна банка на Република Македонија.

Предлогот ви е подлен.

Предлагам дневниот ред на воаа седница да се дополни со Предлогот за именување гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 63 пратеници, 60 пратеници гласале за, 1 воздржано и 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за именување Гувернер на Народна банка на Република Македонија;

2. Предлог за разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Куманово;

3. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Куманово;

4. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Куманово;

5. Предлог за разрешување судија на Основниот суд во Гостивар;

6. Предлог за разрешување судија на Основниот суд во Битола;

7. Предлози за разрешување судии на Основниот суд во Струмица;

8. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски”;

9. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”;

10. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

11. Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачки список, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за заштита и спасување, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за управување со кризи, со Предлог на закон;

16. Предлог на резолуција за развој и трансформација на одбраната;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на растенијата, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

20. Предлог на закон за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија;

21. Предлог на закон за прекурзори;

22. Предлог на закон за Јавното обвинителство;

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот против ограничувањата на конкуренцијата, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството, со Предлог на закон;

27. Нацрт на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;

28. Предлог за донесување на закон за воздухопловство;

29. Предлог за донесување на закон за управната инспекција;

30. Предлог за донесување на закон за општата управна постапка;

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон;

32. Предлог на закон за заштита на потрошувачите;

33. Предлог на закон за земјоделска инспекција;

34. Предлог на просторен план на Република Македонија;

35. Предлог за донесување на закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, 65 за дневниот ред, воздржани 6, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали има некој сега во врска со редоследот на дневниот ред, бидејќи го утврдивме дневниот ред?

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас не се јавувам за тоа каков треба да биде редоследот на дневниот ред, меѓутоа сакам до вас да се обратам, да ни дадете 15 минути пауза во името на пратеничката група, бидејќи точката 1е избор на гувернер, а со оглед дека ни е сега доставено, сакаме да изградиме став на ниво на пратеничка група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали е доволно 10 минути?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

15 минути се доволни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

15 минути пауза, ве молам да не се растураме.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,50 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на првата точка од дневниот ред - **Предлог за именување на гувернер на Народна банка на Република Македонија .**

Предлогот Ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот Петар Гошев да биде именуван за гувернер на Народна банка на Република Македонија .

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот Жарко Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Денес имаме предлог за гувернер на Народна банка на Република Македонија да биде избран лицето , г-динот Петар Гошев.

Јас би сакал од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да искажам неколку ставови по однос на тоа каков ќе биде ставот на пратеничката група.

Веднаш на почетокот ќе кажам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи овој предлог,односно ќе гласа против и тоа од следните причини:

Петар Гошев е познат на македонската јавност. Факт е дека има политичко искуство, факт е дека има и квалифиакции и тоа не е спорно. Не е спорно тоа што неговите квалифиакции зборуваат дека тој ги исполнува тие услови. Нашите забелешки ќе бидат, сепак, од политичка природа. Значи не се впуштаме во она што се негови квалификации, туку повеќе од политички аспект. Зошто тоа го велам и зото пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе има таков став, е и од принципиелна природа.

Прво, г-динот Петар Гошев, да не заборавиме, беше минситер во Владата на г-динот Бранко Црвенковски и тоа оваа Влада што после 15 септември 2002 година е формирана, значи сегашната Влада и беше министер за финансии.

На сите вас ви е познато, а и на македонската јавност пошироко и е познато како тој раководеше со тој ресор. Не беа ретки седниците овде во Парламентот кога за многу проблеми, за многу закони, па и за Буџет, сме се расправале, сме укажувале на одредени слабости кај министерот, тогашен, за финансии и на неговиот начин на работа дека начинот на кој тој работи не е во ред.

На крајот од сите оние наши укажувања што ги имавме како опозиција за кои многу пати бевме опоменувани од истиот господин дека некој од нас не знае проценти, некој од нас не се разбир аод математика и т.н. , следеше потезот на премиерот, при првата реконструкција на Владата кога дотичниот г-дин Петар Гошев го разреши од минситер за финансии. Сега не треба да ве потсетувам кои беа образложенијата поради кои во таа реконструкција на Владата и самиот премиер, а и многу овде од пратеници колеги, искажаме односно ги разгледувавме причините

поради кои г-динот Петар Гошев беше реконструиран од таа Влада на че чело беше г-динот Бранко Црвековски. Меѓунеколкуте причини беше тоа што г-диот Петар Гошев се сметаше за кочничар на реформите на оваа Влада, што ги имаше во својата Програма. Истот така, последица на неговото командување во Министерството за финансии предизвика и еден ребаланс каде се повикувавме на неговото големо штедење односно се повикуваа некои пратеници дека заради тоа големо штедење и неусогласување на Буџетот во однос на приходите и на расходите, се сметаше како една од кочниците во проекцијата на Буџетот односно неговата реализација.

Г-динот Петар Гошев имаше овде многу излагања кога не убедуваше и нас и македонската јавност дека оние цели за кои тој се залагал и се залага, ќе бидат исполнети до крај. Јас ќе ве потсетам само на неколку. Прво кога не убедуваше дека изменетата ставка на ДДВ, по однос на онаа општа повластена ставка која беше 5% и нејзиното покачување на 18%, нема да се одрази на економските текови во Република Македонија , особено не во делот на покачување на цената на струјата и овде незнам колку часа не убедуваше дека тоа нема да се случи, со разни економски параметри и т.н. И сите ние бевме сведоци дека тоа , фактички, не издржа долго. Сите сме сведоци дека , не само што цените во Република Македонија почнаа да растат, не само што струјата поскапе, почетниот удар беше 7%, туку сите се убедивме дека нема логика во математиката односо во укажувањата што овде сакаше да ги презентира. Тоа на сите ни е познато. Познато и е и на македонската јавност.

Исто така длабоко сум убеден дека изборот на Петар Гошев за гувернер на НБМ не излегува од тоа што тој што го предлага смета дека тој е единствениот што одговара на тоа место, меѓутоа очигледно е дека станува збор за некаков си политички компромис. На сите ни е познато какви се беа реакциите откако г-динот Петар Гошев беше сменет од министер за финансии, какви се можности имавме да слушнеме во јавноста разни изјави. И сега она што јас сметам, а и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, најлошо е кога во Република Македонија се прават политички компромиси. Значи не се гледа од аспект на тоа дали одредена личност може да ја извршува таа функција, така како што треба, со оној максимум, туку се прават политички компромиси, а тие политички компромиси, јасно е дека се прават од аспект на тоа да се задржи коалицијата до некој нормален однос, за да не биде Петар Гошев кочницата во развојот на некакви идни коалициони нестабилности во

коалицијата за Македонија. Тоа е тоа лошо за кое сакам да кажам. Значи кога се бираат луѓе на одговорни функции не треба да се трга од политички компромис.

Не ми е јасно, ако за г-динот тогашен премиер, а сега лицето Бранко Црвенковски, значи ако за тогаш г-динот Петар Гошев не одговарал да биде минситер за финансии што сите овде добро знаеме кое образложение се даваше, беше дури и првиот човек кој беше реконструиран и првиот човек кој беше обвинет дека тој е кочничарот на реформската политика на Владата. Сега не ми е јасно како сега истиот тој господин, лицето за кое смета дека не може да го води ресорот финансии, од друга страна му дава доверба дека може да биде гувернер на НБМ. Значи тука ние имаме различни погледи или имаме различни ставови, или пак ставовите ги менуваме преку ноќ, што исто така не е добро. Од принципиелна природа, според мене, ако едно лице не може да го води ресорот Министерство за финансии, каде е логиката пак да биде гувернер на НБМ. Зарем гувернерот на НБМ е помалку стручна работа од министер за финансии. Според тоа јасно е дека сите овие предлози кои ни доаѓаат и допрва ќе ни доаѓаат, укажуваат дека во Република Македонија цело време ќе се прават политички компромиси, дека во Република Македонија настапува тоталитаризам, дека во Република Македонија кадрите ќе се бираат исклучиво по некаков си партиски тек, некакво си коалиционо усогалсување, седнување помеѓу лидери на коалиции и договарање што одговара и како одговара, а многу помалку ќе се води сметка дали е некој стручен, колку е стручен и колку може да ја извршуваа таа функција која му е доверена. Тоа е она од кое ние како опозиција се плашиме и тоа е она што како опозиција сакаме да и укажеме на македонската јавност. Денес ќе биде Петар Гошев, утре ќе гледаме и други имиња што , секаде таму каде што е упразнето местото, а што е во ингеренции на лицето Бранко Црвенковски, ќе ги гледаме од почеток и т.н., во иднина. Сето тао ќе бид ена овој начин, првата квалификација ќе биде партиската припадност, а втората ќе биде усогласување помеѓу коалиционите партнери. Дали е тоа добро за Република Македонија , дали е тоа добро за иднината на Република Македонија и дали така можеме да одиме во Европа, тоа е друго прашање, а мислам дека времето е сведок на се и тоа ќе се покаже. Значи состојбата е јасна. Нашиот став дека нема да го подржиме е заради тоа што ние  сме принципиелни, затоа што ние и кога се бираше г-динот Петар Гошев , гласавме против, затоа што ние предвидовме дека неговиот век во Министерството за финансии  нема да биде долг, затоа што ние поучени од сето искуство во демократијата во Република Македонија , особено особено оние почетни денови од 1991 година, знаевме дека помеѓу Бранко Црвенковски и Петар

Гошев тешко дека ќе има сојуз, затоа што знаевме , поучени од искуството дека во повеќе наврати тие две лица или се разрешувани , или се сменувани, или едниот бил на лидерска позиција, па другиот доаѓал. Така што не ја гледам причината за едни вакви турбуленции и мислам дека со тоа треба да се прекине.

Сега и понатаму ќе се поставува прашањето каков ќе биде односот на гувернерот, кој најверојатно ќе биде избран, и со Владата и со Бранко Црвенковски и со сите оние институции, ако ги имаме предвид сите овие претходнислучувања кои се однесвуале токму на истиот г-дин, значи од принципиелен став, не навлегуваме во стручниот дел, ако едно лице, тоа е според нас, според ВМРО-ДПМНЕ, значи ако едно лице ако не го бива за министер за финансии, ако едно лице не може подолго да се одржи во партиските структури односно во партиските раководни функции, подолго време од 6 месеци и ако едно лице со својот карактер што предизвикува конфликти, може да биде предмет на чести разрешувања, од друга страна сега да му дадеме одговорна функција. Заради тоа ние нема да го подржиме овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Реплика има госпоѓа Пеева.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Јас многу често пратеникот Караџоски не го разбирам што сака да каже. Така и овој пат штета што веднаш не можеме да ги симнеме стенографските белешки, па да го анализираме говорот, пред да одиме со реплика.

На почетокот, ако не се лажам, рековте - пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го подржи предлогот за гувернер на НБМ, но исто така смета дека г-дин Гошев и тоа е факт, е човек со квалификации и политичко искуство и одговара на таа функција, за да подоцна образлагате нешто сосема друго. Тука е проблемот. Се додека, наместо принципите надвладува инаетот и суетата и се додека се водиме од паушални и палијативни оценки што ќе ни текнат во тој момент, се дотогаш ќе носиме погрешни работи, како што е вашата во моментот, да не го подржите предлогот. Во другите малициозности не би сакала да навлегувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика, повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас бев многу јасен. Кој како ме разбира си е негов проблем.

Не е проблем, ако сакате можеме да ги симнеме стенографските белешки, па да ги прочитате.

Кога кажав во однос на квалификациите мислев на онаа биографија која ни се приложува во смисла на тоа, за неговото образование, што има завршено, магистар на науки и т.н. Значи тоа апсолутно држи. Јас зборував по однос на политичкиот аспект и заради принципите што од политички аспект ги искажав овде и заради тоа кажав дека нема да го подржиме, а вие многу погрешно сте разбрале дека ќе го подржиме заради неговите квалфикации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелеге госпоѓа Топузовска, имате реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА

Јас сосема на кратко бидјеки колешката Ангелка Пеева веќе кажа од она што јас сакав да го изнесам.

Навистина, не ми е јасно излагањето на почитуваниот колега Караџоски затоа што беше многу конфузно и контрадикторно, можеби и контраверзно. Меѓутоа, јас би го замолила, кога во иднина ќе дава подршка или нема да дава подршка за одреден кандидат да ни изнесе некои порелевантни показатели зошто не го подржува. Тоа што го изнесе апсолутно не држи, тоа дека  тој бил единствено решение. Јас се согласувам дека г-динот Петар Гошев не беше единственото можно решение во Македонија, но сепак коалицијата одлучи дека е решение кое може соодветно да одговори на оваа функција. И да не се грижи колегата Караџоски за коалициската нестабилност. Најмалку што сакам да се мешам во внатре партиските односи на одредена партија, но мислам дека подобро е во овој момент тој да биде загрижен за нестабилноста во својата партија.

Никако не се согласувам дека се работи за обичен политички компромис. Напротив, неговиот говор наведува дека тој има маркетиншки говор. И самиот кажа дека се работи за човек кој е професионален, искусен политичар. Токму поради тоа сакам да ви кажам дека секоја професија си има свои специфичности. Никаде не беше кажано дека г-динот Петар Гошев е кочничар на реформите. Тоа го кажавте вие од опозицијата. А за промената и реконструкцијата во Кабинетот, секако дека одлучува мандаторот. Се работи за две различни функции, две различни работни места.

Пратеничката група на Либерално демократската партија смета дека г-динот Петар Гошев сосема одговорно ќе ја извршува функцијата за која го предлагаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута контра реплика г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Навистина би можел да ве разберам вас госпоѓо Каровска, како пратеник на ЛДП и како генерален секретар на партијата, ваква грижа за г-динот Петар Гошев да покажевте во оној момент кога го разрешуваа од минситер за финансии. Меѓутоа тогаш од никого од вас не слушнав на таа седница да го заштити г-динот Гошев. Едноставно тогаш не одговараше за министер за финансии, а сега од ваша уста слушам колкави квалификации и какво единствено решение е г-динот Петар Гошев за гувернер на НБМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Михајловски имате три минути реплика.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Имаше тука една квалификација дека врз база на политички договори во коаицијата се носеле кадри за кои се барало политичко педигре или само политичко искуство, дека стручните особини не биле многу важни.

Сакам да му кажам на г-динот Караџоски дека сме демократизирани до крај, е примерот што за мандатар на Владата носиме човек што не е член на партија. Значи ставаме стручен човек.

Она што кажавте дека било политички договор во коалицијата, за гувернерот, незнам според вас што значи политички договор. Да не се договараме? Политичкиот договор значи и одговорност, во краен случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски имате контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега колега вас пак од СДСМ, воопшто не можам да ве разберам. Едногласно гласавте да се разреши Петар Гошев од министер за финансии. Тогаш ваков збор не слушнав. Од друга страна ми зборувате сега за мандаторот, бил непартиска функција. Па јас мислев дека г-динот Хари Костов е член на СДСМ. Сега вие мене ли ме доведувате во заблуда, или цела македонска јавност. Колку сте демократични, се гледа, како брзо ги менувате ставовите. Еднаш гласате против Гошев, сега за Гошев, утре кој знае што ќе гласате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рахиќ имате збор, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, драги колеги,

Јас ќе се обидам многу кратко да кажам зошто ќе гласам позитивно за предлогот Петар Гошев да биде гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Господинот Петар Гошев, по мене, е предвесник на македонската демократија и делумно долго е во македонската политика да покаже колку е чесен, доблесен и карактерен како човек. Во делот на стручноста сигурно исто така и квалитетен и нема да зборувам зошто и како е сменет, нема да зборувам за одлуки на политички партии едно сигурно знам господинот Петар Гошев верувам дека ќе биде избран со мнозинство гласови, сакам да му честитам, знам дека седумгодишниот мандат во кој тој ќе биде гувернер нема да има финансиски афери од типот на Алмако банка, Експорт-импорт банка и Македонска банка. Кој ги правеше и како ги правеше и во чие време тие финансиски скандали е добро познато.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, 3 минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Есад Рахиќ сакам да ви кажам една работа вас можам да ве разберам за разлика од други затоа што вие сте сепак некаква еминентна личност во СДСМ и според вас, знаејќи ве како човек, решението Петар Гошев да биде гувернер на Народната банка на Република Македонија  е идеално. А, знаете зошто? Седум години ќе го тргнете на страна од политичката сцена и нема да ви се меша во идни турбуленции или во идни делби меѓу коалициони.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Рахиќ.

ЕСАН РАХИЌ:

Само да му заблагодарам на господинот Караџоски за ова еминентна политичка личност. Благодарам Караџоски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендарилов.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Се јавив за збор и притоа сакам да кажам дека овој предлог за господинот Петар Гошев, за гувернер на Народната банка на Република Македонија  вака едноставно кажано јас сум загрижен со овој предлог, бидејќи господинот Петар

Гошев, се познаваме од поодамна, во овој парламент од минатиот состав, сметам дека господинот според биографијата што ја има приложено се работи за човек кој е класичен политичар без искуство во областа во која се предлага да биде гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Функција која бара стручност во оваа област, функција која бара покрај стручност и големо искуство во оваа област кое искуство господинот Петар Гошев очигледно гледајќи ја биографијата го нема, бидејќи гледајќи ја биографијата гледаме дека од 1973 до 1986 е во Сојузот на синдикатите, во Централниот комитет на СКМ од 1986 до 1991 година, во Собранието како пратеник во првиот мандат 1991-1992 година, пак пратеник 1991-1994 и министер за финансии во Министерството за финансии во последната влада во која беше разрешен. Во едно министерство кое по стручност е најблиску до оваа функција која сега се предлага.

Од сето ова може да се заклучи дека воопшто не станува збор за човек кој има познавања во оваа област,која ќе ни даде гаранција дека во овие седум години на оваа клучна функција која е навистина клучна за стабилноста на Република Македонија, бидејќи знаеме каква нестабилност може да донесе лошото или нестручното водење на оваа функција.

Затоа јас како пратеник и како граѓанин на Република Македонија сум загрижен за ваквиот предлог не навлегувајќи во другите квалитети на господинот Гошев, бидејќи воопшто немам право за тоа да дискутирам, меѓутоа сметам дека овој предлог е класична компензација за разрешувањето од Министерството за финансии и мислам дека во најблага форма речено е несериозно да се предлагаат вакви предлози на вака стручни професии како што е гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Затоа сакам да кажам дека Пратеничката група и јас ќе гласаме против ваквиот предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа за пратеничката група го слушнавме.

Повелете госпоѓо Топузова, имате реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

Сосема кратко ќе му реплицирам на господинот Коце Трајановски во однос на тоа дека господинот Петар Гошев апсолутно немал допирна точка со функцијата која ќе ја обавува.

Сакам само да ви кажам, покрај неговата стручност која сметам дека ја поседува и може со успех да ја обавува оваа функција, тој беше член на Советот на

Народната банка на Република Македонија каде активно учествуваше во работата и даде значаен придонес во работата на ова тело.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Трајановски, една минута реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Видете, сметам дека како член на Советот на Народната банка воопшто не е некое искуство, бидејќи тоа не е функција која е толку одговорна, бидејќи сепак се работи, пак ќе повторам, се работи за многу значајна функција која треба да донесе стабилност или да ја одреди стабилноста во Република Македонија особено кога се наоѓаме во време на многу интензивни и значајни реформи кои ќе треба да не приближат во Европската Унија. Така што и мала грешка која може да биде предизвикана ќе значи многу негативности за Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, а нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски,

За жал изборот на магистарот Петар Гошев за предлогот за избор на гувернер на Народната банка, само ако ја погледнеме, а претпоставувам дека со информациите наведени во биографските податоци е запознат и предложениот кандидат не дава некоја голема надеж дека господинот Гошев кој секако беше окарактеризиран како лош министер за финансии ќе биде поинаков и на позицијата гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Ако ја следиме кариерата на господинот Гошев, а според мене нема ништо спорно што неговиот избор е резултат на меѓупартиски и меѓукоалициски договори и преговори, но фактот дека од професионалниот пат на господинот Гошев од политичка гледна точка значи неговата политичка кариера, практично таа завршува со неговото претседателствување на ЦК СКМ која трае од 1986 до 1991 година. Фактот дека отсуствува постоењето на Демократската партија во македонското плуралистичко општество од 1990 година наваму, тој факт дека авторите на оваа биографска белешка и самиот предложен кандидат кој се согласил еден дел од сопственото минато да го премолчи, претпоставувам дека се срами или во СДСМ или кај Претседателот на Републиката буди некакви непријатни сеќавања, ни дава за право дека господинот Гошев можеби со истата леснотија ќе биде подложен на

слични комбинаторики кога ќе ја извршува функцијата гувернер на Народна банка на Република Македонија .

Значи, ако еден човек се срами од сопствените достигнувања како професионални така и политички и тоа не го предочува пред Собранието на Република Македонија, не гледам причина зошто тоа да не го продолжи и на позицијата која Собранието има намера да го предложи.

Јас се соглассувам дека секако во демократската реалност на Република Македонија луѓето ќе доаѓаат и заминуваат на државни позиции по пат на избори и на меѓупартиско договарање, но за мене е несватливо за една таква престижна функција во Република Македонија особено во поглед на одредени најави што се може да се случува во Република Македонија во поглед на нејзината макроекономска стабилност затоа што ако имавме лош министер за финансии во лицетот на господинот Петар Гошев, господинот Никола Поповски е бездруго многу полош од него.

Првенствено од тие причини дека предложениот кандидат свесно се лишил од еден дел од својата политичка кариера во Република Македонија да не влезе во биографските податоци со цел да не буди одредени непријатни сеќавања ми дава за право дека во поглед на таа карактерна црта која се забележува во биографските податоци, за жал, и на таа позиција и за жал со далекусежни последици или посериозни турбуленции во економската сфера во Република Македонија господинот Гошев мотивиран од истите причини може да го направи тоа и на позицијата на која е предложен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Топузова, 3 минути реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

Иако сметам дека оваа дискусија е крајно депласирана, сепак сакам само да му укажам на пратеникот Трендафилов дека господинот Петар Гошев никогаш не се откажал од ЛДП ниту пак ЛДП се откажала од него. Тој сеуште ја има истата функција што ја имаше пред да биде разрешен од министер за финансии, односно од член на Извршниот одбор на ЛДП.

Ве молам, никаде и никој не реше при реконструкцијата на Владата дека Петар Гошев бил лош министер за финансии. Да не го повторувате тоа упорно и да кажувате работи кои воопшто не биле изречени на таа седница ниту од мандатарот ниту од било кој друг компетентен, освен од одредени претставници на ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, контра реплика една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Уште еднаш ќе повторам заради почитуваната колешка значи освен претседател на ЦК СКМ господинот Гошев беше претседател на Демокиратската партија, мислам на тоа и токму тој дел недостасува во политичката кариера која е овде наведена, а ви се допаѓало или не, господинот Гошев навистина беше лош министер за финансии, но ако ви е некаква утеха сепак имаше одредени нијанси кои одеа во негов прилог за сметка на актуелниот министер за финансии господинот Поповски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, потоа нека се подготви пратеникот Зоран Крстевски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги..

(Пратеникот Лилјана Поповска бара реплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Поповска, вие се јавивте за реплика, откако веќе почна репликата, не прифаќам пријавување после тоа.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Помина многу малку време откако тука расправавме на една седница на Влада на која премиерот разреши двајца министри токму поради тоа што министерот за финансии не ги заврши своите реформски процеси, останаа многу пари неискористени, невложени во инвестициони активности и сето тоа беше причина господинот Гошев да биде променет од колегите пратеници и мислам едногласно беше сето тоа прифатено, а исто и од тогашниот премиер кој го предложи за разрешување господинот Бранко Црвенковски. Но еве сега повторно на предлог на господинот Бранко Црвенковски, но сега како претседател на Република Македонија добиваме ист таков предлог за господинот Гошев. Јас почитуваните колеги побараа да не бидат само разговори, да кажеме нешто што значи факт и аргумент. Во овој Парламент многу често е поставено прашањето господинот Гошев посебно ќе говорам за Битола и штедачите од пропаднатата штедилница “ТАТ”, многу пати им вети дека ќе се најде решение, дека еве ВМРО-ДПМНЕ не изнајде решение и сертификатите ќе ги претвори во обврзници и после по тој 15 септември ќе има доблест да излези пред тие луѓе и да им каже дека ја завршил таа работ.

Но само после шест месеци на наше пратеничко прашање господинот Гошев првиот пат кажа дека сеуште не се започнати преговорите со Меѓународниот монетарен фонд и дека од Меѓународниот монетарен фонд ќе треба да добиеме информација како понтаму ќе продолжи целата афера, за жал и после тие приговори решението беше истото, господинот Гошев воопшто не го ни постави прашањето за ТАТ, завршницата ја видовме токму деновиве кога и двата закони предложени и од позицијата и од опозицијата во интерес на штедачите беа одбиени, сигурно со знаење на Владата како што милува да каже некој почитуван колега од позицијата и сето тоа се заврши. Дали можеме да ваков човек во оваа ситуација да им веруваат овие штедачи кои што се крајно разочарани, граѓаните за кој што се лракмп разочарани граѓаните за кој што во периодот кога беше министер за финансии, апсолутно Република Македонија не успеа да се помрдне од она што значи развој и за жал уште повеќе пропаѓа. Затоа господа ова е директно, ова е јавно има големи забелешки, еве го и сегашниот министер за финансии на негов предлог на закон сега како министер го одбива, значи очекуваме истото од лошо полошо, затоа говоревме кога се ветува треба да се исполнува. И во овој случај  мислам дека и министерот тогашен екс министерот Гошев и сегашниот Поповски тука апсолутно ја разочараа македонската јавност како и вкупната Влада со овој Предлог што го добивме од Претседателот на Републиката. Мислам ако и кај него има ваква трансфрмацока после 6 месеци а воопшто ништо не се променило после 6 месеци, незнам како понатаму, некој говори дека апсолутно нема никакви договори, преговори и коалициони договори за кој што еве после неколку точки ќе проговориме и кои се толку очигледни кои апсолутно неможат повеќе никого да залажат. Затоа и јас се придружувам на она дека господинот Гошев неможе да биде гувернер на Народната банка на Република Македонија и ќе гласам против.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има некој реплика?

Бидејќи нема, повелете господине Крстевски, а нека се подготви пратеникот Блаже Стојаноски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека денеска на дневен ред, со изборот за гувернер на Народната банка на Република Македонија, всушнот во нашиот уставен систем треба да ја потврдиме така декларираната позиција на Народната банка како независна монетарна власт во Република Македонија. И токму на овој пример се покажа дека

Претседателот на Републиката го нема капацитетот  кој со Уствот му е даден да сам предложи кандидат а тоа да биде предлог кој ќе биде во функција и на создавање на еден консензус околу ваква функција која треба да биде непартиска и не само поддржана од парламентарното мнозинство

Ние видовме точно на овој пример дека предлогот дојде од коалиционен партнер и на ова прашање институцијата претседател во иднина ќе мора да гради еден етички принцип, сега во односи како што ги има, бидејќи е поддржано од ова парламентарно мнозинство, а во некој други консталации ќе видиме како тоа ќе изгледа.

Значи се испушта можноста во една постапка на демократско усогласување за предлогот да биде консултирана и опозицијата. Мислам дека овој анимузитет кој се појавува вака на седниците произлегува токму од неспремноста на институцијата претседател да во тој процес создава концензус. Што значи, ние го гледавме тоа на телевизија, тука што се зборуваше во промотивнот говор ќе биде само една фразологија, една демагогија која ќе не прати за цело време.

Во конкретниот случај моето лично мислење е дека кандидат како  економиста е респектабилен и секако дека во својот политички ангажман и работен има компетентност за една ваква фукција.

Тоа е она што треба да го издвои во оваа кандидатура. Полициски гледано мислам дека е применет еден јасен прагматиски пристап, една фигура политичка која не може да се заобиколи во нашите политички релации. На овој начин ќе биде упатена во една друга кариера. И тоа можеби е добро, но ќе видиме времето како ќе ги потврди работите. Се надеваме дека избор на гувернер нема да биде на штета на односите што Република Македонија во континуитет ги гради со меѓународните финансиски инситуции. Не верувам дека на кандидатот не му се познати тие релации. Меѓутоа, и моментот на водењето на макроекономската политика во Република Македонија, на монетарната политика во Република Македонија во многу ќе зависи и од тоа каков став или каква политика ќе декларира новата влада, новиот мандатор. Затоа мислам дека ќе има на одреден начин продолжение оваа расправа во моментите кога ќе ги носиме суштинските закони кои во оваа сфера ги задираат и прашањата од монетарната независност на Народната банка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Крстевски.

Повелете господине Стојановски, а нека се подготви пратеникот Трифун Костовски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе за збор.

Јас ќе кажам, најискрено сум изненаден од предлогот затоа што го добивме пет минути пред 12,оо часот пред почнувањето на оваа седница. Се работи за една многу важна функција, функција која се грижи за стабилноста на валутата, за стабилноста на денарот, се работи за функција која што се грижи за законитото работење на банките, на финансиските институции. Се работи за функција која што е од витално значење за Република Македонија. Овој пристап во последниот ден на истекот на мандатот, да се дава предлог за избор на гувернер на Народната банка на Република Македонија, без при тоа да се најде сила од страна на предлагачот да ги образложи причините поради кои што одлучил да биде Петар Гошев негов предлог за гувернер на Народната банка на Република Македонија, сметам дека е најблаго речено еден индолентен однос кон овој Парламент пред се, меѓутоа и кон сите оние што саката да знаат која е програмата што се очекува од новиот гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Ние повеќе пати во овој Парламент добиваме предлози на таков начин, каде што за да биде некој член на битна државна институција, доволно е да има возачка дозвола или на друга исто така битна државна институција, доволно е да биде подобен или припадник на одредена политичка опција која што во моментот е на власт. Меѓутоа, сакајќи да придонесеме за развојот на Република Македонија, навистина сметам дека она за што треба да разговараме како Парламент, за да не се претвориме во прост верификатор на предлозите кои што ни доаѓаат тука од политичките центри кои што ги даваат тие предлози, треба да излеземе јавно да побараме да видиме што може да се очекува од тие предлози како работа, како ангажман, како програма за работа и кои параметри ги затекнуваат во овој момент во однос на институцијата за која што се работи и што може да се очекува после истекот на тој мандат на тие лица, со цел да можеме да правиме споредба за успешноста или неуспешноста на нивното работење. Меѓутоа, за да биде целата ситуација уште почудна, овде слушнавме работи кои што децидно потврдуваат дека ние од Либерално демократската партија се договориме со нашите коалициони партнери господинот Петар Гошев да биде гувернер на Народната банка на Република Македонија. Ова го слушнавме само пред неколку минути. Ако е тоа точно, тогаш вие со тоа потврдувате дека политичката димензија, политичкиот

договор е битен за секоја институција во Република Македонија, а особено кога се работи за Народна банка на Република Македонија, сметам дека политичкиот одговор најмалку треба да биде битен во изборот на кандидат за гувернер на Народната банка на Република Македонија. Зошто го велам ова? Затоа што факт е дека вие не тргнувате од тоа да се задоволат некои критериуми кои што претставуваат подобро работење на Народната банка на Република Македонија, вие не барате програма од оној кој што се предлага за гувернер на Народната банка на Република Македонија, туку единствено ви е важно да ги задоволите вашите политички интереси и како партија и како коалиција. Заради тоа, сметам дека овој пристап при предлагањето, или при именувањето на гувернер на Народна банка на Република Македонија не е добар.

Значи, ако зборуваме на кој начин треба тоа да се случува. Јас го зборував тоа и во однос на други закони кои што се однесуваа на пример на Јавното обвинителство, на судиите и тн. и тн. каде што навистина луѓето од фелата, од таа област која што треба да биде покриена со стручност, знаење и професионализам во работењето на тие лица, треба да биде доминантно во процесот на одлучување за избор на личности кои што треба да ги покриваат овие функции. Меѓутоа, факт е дека во Република Македонија се зависи од политиката и од политичките елити и заради тоа ние не можеме само, повеќе пати го имаме спомнато на овој Парламент, меѓутоа факт е дека тоа само го зборуваме, а нема кој да го слушне.

Затоа, сакам да ве потсетам на неколку работи кои се однесуваат на причините зошто го предлагате господинот Петар Гошев, не навлегувајќи во лични, професионални или други политички ангажмани на господинот Петар Гошев, меѓутоа, тргнувајќи од принципиелни причини.

Првата работа која што ја слушавме постојано пред ноември месец минатата година беше дека Владата на Република Македонија треба да има реконструкција, заради подобрување на нејзината работа, заради тоа што е факт дека нема доволно капацитети да се справи со тешките проблеми со кои што се соочува Република Македонија, особено во областа на економијата.

Исто така, имаше колеги критики во однос на тоа дали можело да се случи подобар аранжман во Меѓународниот монетарен фонд и дали беше неопходно да се зголеми данокот на додадена вредност од 5% на 18% и тоа да претставува уште еден дополнителен удар за граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, факт е дека сите тие работ кои тогаш се кажуваа сега се премолчуваат. Ние живееме или работиме тука со еден добар дисконтинуитет во ставовите на секој кој што зборува

зависно од наредбите кои ги добива од страна на политичката елита на сопствената политичка партија, или од зависност од договорите кои што се склучуваат на политичко ниво.

Исто така, да ве потсетам дека имаше критики за намалувањето на девизните резерви на Република Македонија. За таа работа исто така беше обвинуван министерот за финансии. Министерот за финасии во тоа време беше обвинуван и за лошите економски резултати на Владата на Република Македонија, затоа што не можеше премиерот да биде обвинуван, тој требаше да направи нова влада и таа влада требаше да даде некоја нова надеж кај граѓаните на Република Македонија, а имајќи предвид дека медиумите даваат поддршка на надежта и на можностите кои што ги има оваа Влада како што беше кажано, навистина сметам дека тој период на реконструкција на Владата на господинот Бранко Црвенковски беше период во кој што можеше да се очекува нешто подобро, само во случај ако сменеа принципите на поставување на луѓето и одговорноста и отчетот за резултатите од нивното работење.

Меѓутоа и покрај намалувањето на девизните резерви и покрај покачувањето на данокот на додадена вредност од 5% на 18% и покрај проблемите кмои што се појавија во однос на откупот на житото кога се откупуваше житото по 8,оо денари за килограм на домашните производители, а се увезуваше по 15,оо и повеќе денари од странство, за сите тие работи мораше да се најде виновник. Тогаш за жал, виновник беше единствено господинот Петар Гошев. Тоа го велам за жал, затоа што во оваа сала имаше пратеници кои што дадоа поддршка на тоа да не биде тој сменет од министер за финансии, или барем да не биде критикуван за неговата работа, затоа што ако е сменет во тој период заради неуспешна работа, нема логика овој предлог што сега се дава, ако е сменет заради политички причини тогаш во тој период, во тој момент требаше да бидат наведени тука политичките причини за менувањето на господинот Петар Гошев од министер за финансии.

Јас се надевам дека истите тие пратеници кои што во тој период, на тој начин застаа и сега ќе бидат доследни и останатите пратеници и ним да им оддадат почит затоа што во тој период покажале принципиелност во своите ставови.

Меѓутоа, ненавлегувајќи во работењето како министер за финансии и ненавлегувајќи во начинот на кој што е предложен, јас сметам дека во последните неколку 3 - 4 дена веќе почнаа да излегуваат во медиумите имиња на тројца, четворица луѓе кои што би можеле да се најдат како кандидати за гувернер на Народната банка на Република Македонија. И наеднаш, се случува средба помеѓу

господинот Петар Гошев и господинот Бранко Црвенковски, коалиционите партнери од 2002 година, кои што се договорија господинот Петар Гошев да биде гувернер на Народната банка на Република Македонија, без при тоа со ниеден збор да дадат образложение, барем јавна изјава или барем јавно да излезе претседателот или лицето како што се нарекува Б.Ц., затао што навистина ние бараме образложение за овој предлог. Верувајте, кога зборуваме за нешто што претставува суштинска, кадровска поставеност, функција во Република Македонија, ние добиваме биографија каде што пишува: господинот Петар Гошев е роден тогаш и тогаш, има завршено Економски факултет, магистрирал во 1981 година, од 1973 година до 1986 година бил на различни функции во Сојузот на синдикатите на тогашна Социјалистичка Република Македонија, потоа бил член на Претседателството на ЦК на СКЈ до 1991 година, па бил пратеник од 1991 до 1994 година, после од 1994 до 1998 година некој празен простор има незнам од кои причини, веројатно бидејќи тогаш опозиционо дејствуваше заедно со тогашната опозиција ВМРО-ДПМНЕ и од тие причини не е тоа ниту наведено во таа биографија. Потоа од 1998 година до 2002 година пратеник, од 2002 година министер за финансии, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија. Тоа е она што го добивме ние како аргумент за гласање за гувернер на Народната банка на Република Македонија. Ако тоа вас ви е доволно, мене не ми е доволно како пратеник, јас барам тој човек, тој предлог, или оној што го предлага, да дојде и да каже: што се очекува од наредниот период од работењето на новиот гувернер на Народната банка на Република Македонија. Која политика ќе ја води? Дали ова ќе значи одржувањето на курсот на денарот, дали ќе се оди во преговорите во Меѓународниот монетарен фонд на флуктуирачки или на слободен курс на денарот? Каков аранжман понатаму треба да склучи Владата на Република Македонија и тоа да биде усогласено со гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Значи, зборувам за иднината на работењето на Народната банка на Република Македонија и за она што треба да го направи Народната банка како поддршка, или како поставување или надминување на актуелните проблеми кои што секако ги има во банкарскиот сектор и во финансиската сфера за која што главна улога, главна функција и главна законска надлежност има Народната банка на Република Македонија. Значи, сите овие работи за кои што зборував, сето ова што го кажав навистина ние го немаме тука и не можеме да кажеме, или да одлучиме врз основа на релевантни податоци, туку одлучуваме затоа што некој кажал дека Петар Гошев треба да биде новиот гувернер на Народната банка на Република Македонија. Ако е тоа така, тогаш јас ја

оставам таа одговорност за изборот на таков начин да биде на позицијата, а би ви кажал дека, би ви го кажал своето мислење дека, ако зборуваме за гувернер на Народната банка на Република Македонија најдобро е да се избере лице кое што ќе биде општо прифатено од целиот овој Парламент, акламативно, затоа што тоа не би требало да биде политичка функција, туку пред се функција, која што ќе се грижи за најбитната работа макроекономската, финансиската, монетарната позиција која ја има Република Македонија и состојбите во оваа сфера во Република Македонија.

Затоа, ние нема да гласаме за господинот Петар Гошев, имајќи предвид дека ние ќе бидеме доследни на она што правиме, а тоа беше дека ние кажувавме дека господинот Петар Гошев како министер за финансии не доволно квалитетно ја работи својата работа и има последици кои што директно се одразуваат на живеењето, на економијата на Република Македонија, а сега истите вие кои што истото тоа тогаш го велевте, сега велите дека тоа не било така, туку било некако поинаку и дека сега ќе гласате за господинот Петар Гошев, затоа што тоа бил политички договор помеѓу владеачките политички партии, СДСМ, Либерално демократската партија и ДУИ.

Се надевам дека овој принцип ќе го напуштите во иднина, меѓутоа во овој момент свесен сум дека не можете да отстапите од она што ви е договорено.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Сега прва реплика има госпоѓата Лилјана Поповска, повелете.

Последен е господинот Петар Апостолов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе,

Почитуван колега Стојановски. Вие голем акцент ставивте на делот каде што споменувате дека политичкиот договор, сме изјавиле дека политичкиот договор сме го направиле коалиционо и се обидувате да го негирате, можноста за такво дејствување, односно велите, политички договор е најважен, а не некои други резултати на кандидатот. Мислам дека имате погрешен став во самиот почеток.

Прво, политичкиот договор е еден сегмент од функционирањето на која и да е демократска власт. Се разбира, политичкиот договор не смее да оди над квалификациите на одреден човек кога тој се избира и политичкиот договор секако не смее да оди над интересите на државата. Меѓутоа, како коалиција на власт ние носиме одговорност за она што се изгласува во Парламентот, а граѓаните се тие кои

што подоцна ќе просудат дали сме постапиле правилно или не. Сосема отворено да кажаме да, ние како коалиција се договоривме да го поддржиме Петар Гошев како предлог на претседателот на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски.

Што се однесува пак до другиот елемент што го спомнавте во вашето тврдење, вие сакавте да кажете дека господинот Петар Гошев нема доволен потенцијал и доволно квалификации за оваа функција. Јас тука апсолутно не се согласувам со вас и јас напротив, се согласувам со колегата Крстевски, кој што кажа кандидатот како економист е респектибилен и во својот ангажман како политички работник има големо искуство, со кое го оправдува изборот.

Јас понатаму би додала уште, јавноста да знае, господинот Петар Гошев како еден чесен и одговорен човек, сметам дека тоа се сосема сериозни квалификации за оваа функција за која што и самиот кажувате дека е многу сериозна функција, од витално значење за државата, функција што се грижи за стабилноста на валутата. Така што, со сето она што досега беше кажано со сето она што ние го знаеме за господинот Петар Гошев и целата јавност, сосема сум убедена дека тој ќе може на оваа функција да одговори и сите ние да бидеме задоволни и оние што ќе гласаме денеска, а верувам и оние што нема да гласаат денеска.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Стојановски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Колешке Поповска, вие со ова само потврдувате дека е политички договор, затоа што сте ги усогласиле ставовите за да гласате за човек кој што е политички договорен помеѓу политичките партии. Меѓутоа, треба да имате во предвид една работа, а тоа е дека законот вели дека Народната банка претставува независна финансиска институција. Ако зборуваме за независна финансиска институција, вие ставате човек кој што до пред неколку месеци беше министер за финансии, во политичка влада како претставник на една политичка партија и сега го поставувате како гувернер на една независна финансиска институција во Република Македонија. Јас тргнувам од законските аспекти и барам да биде почитувано тоа. А во однос на стручноста и професионалните квалитети на почетокот на мојот говор и во текот на мојот говор, реков дека нема да навлегувам затоа што тоа не е предмет на она што

сакам да го кажам, туку предмет е политичката димензија на оваа работа, односно именувањето без претходно да се има програма за работа, без претходно да ни се каже што се планира и на каков начин да се оствари во овие седум години на мандатот на новиот гувернер на Народната банка на Република Македонија, затоа што тој на крајот треба да даде отчет за својата работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Апостолов, имате три минути.

ПЕТАР АПОСТОЛОВСКИ:

Јас ќе се потрудам да не се повторувам, како што рече колешката Поповска, само во делот на принципелноста да ги потсетам колегите од ВМРО-ДПМНЕ, кога беше реконструкцијата на Владата, а тоа можат да го потврдат и стенограмите, тие благо го бранеа г-динот Петар Гошев, не затоа што многу го сакаат, туку затоа шторебаа да бидат против Бранко Црвенковски. Мислам дека тоа можеа да го видат и мислам дека денеска се категорични против г-динот Петар Гошев, иако сакам да кажам дека имаме нов квлалитет, веќе имаме и од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, дека обраќањето на претседателот, е обрашање на претседател Бранко Црвенковски, а не лицето Бранко Црвенковски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски, имате една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во однос на обраќањето јас реков лицето Бранко Црвенковски, или претседателот, за остатокот од парламентарците. Меѓутоа кога зборуваме за бранење, или одбрана на г-динот Петар Гошев, јас ве пофалив, затоа што вие тогаш го браневте, како ретките што го бранеа од ЛДП и останавте доследни на тој став и сега истото тоа го кажувате. Јас кажувам дека во оваа сала има луѓе кои принципиелно остануваат на своите ставови и тоа ми беше делот што сакав да го кажам, бидејќи навистина, тоа се однесуваше меѓу другите и на вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Костовски имате збор.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Јас на почетокот сакам да ја искажам благодарноста на досега веќе екс гувернерот Трпески, за неговата работа во изминатите седум години. Работата во време на транзиција, работата во време на војна и успеа да го додржи денарот и во многу тешки услови, стабилноста на валутниот Пазар  и денарскиот Пазар. Не е

споделен со ниедна политичка партија и би посакал новиот гувернер да продолжи по истите стапки.

Морам да кажам на почетокот дека сум многу изненаден што партискиот антагонизам во Парламентот го руши достоинството на луѓе, кои што сепак залужуваат почит.

Г-да пратеници, го имаме ние животниот пат на г-динот Гошев пред нас. Во овие транзициони времиња на човекот досега ниту една дамка неможе да му се стави дека направил некоја афера. Тоа е голем успех, човек да опстои во овие времижа и искушенија. Човек кој што цел живот го поминал во политиката, соочувајќи се со економски проблеми, па и искуството поминато како министер во Владата на Црвенковски, говори за човек кој што има дигнитет и кредибилитет да може да ја понесе оваа функција.

Многу сум му благодарен на г-динот Крстевски од ЛП кој што исто така даде најубава оценка за г-динот Гошев, а сметам дека и г-дата од ВМРО-ДПМНЕ ќе имаат иста оценка доколку беше истиот Гошев од 1994 година, до 1998 година, кога беа заедно во коалиција.

Според тоа, да ги заборавиме партиските нетрпеливости. Ние поставуваме човек, гувернер кој што ќе биде гувернер и на оваа Влада и на идната Влада што ќе дојде после четири години односно после две ипол години.

На крајот, би сакал да кажам една работа. Легитимно е претседателот да избере и да предложи гувернер на Република Македонија .

Јас апелирам, сепак, ние во Парламентот го сочуваме достоинството и да се однесуваме како граѓани, цивилизирани, така да се однесуваме и према претседателот Црвенковски. Тој ни е денес г-до претседател и тој денеска го предлага г-динот Гошев. Ние можеме да дискутираме дали г-динот Гошев ги исполнува тие критериуми, или не. Толку од мене. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас не сакам да се надоврзувам на дискусиите на колегите пратници и од опозицијата и од позицијата. Само ќе констатирам фактичка состојба дека ние денес го имаме добиено предлогот од претседателот на Република Македонија, како што милуваат колегите да кажат, г-динот Црвенковски, а истиот тој предлог кај г-динот Црвенковски е архивиран на 20-ти значи вчера. Мандатот на г-динот Љубе Трповски истекува на 21 значи денес, колку што знам. Значи се знаело дека мандатот на

гувернерот на Народна Банка на Република Македонија истекува. Што била причината г-динот Црвенковски до денеска, значи до последниот ден да размислува дали треба да го предложи Петар Гошев, или да му даде уште еднаш доверба на г-динот Љубе Трепевски, тоа неможеме да кажеме, само г-динот Црвенковски може да каже.

Од биографските податоци на г-динот Петар Гошев можеме да видиме дека г-динот Петар Гошев има дипломирано на Економскиот факултет во 1971, магистрирал 1983, а по дипломирањето се вработува во фабриката за автобуси “11 Октомври” Скопје, во комерцијалниот сектор. Останатиот дел од биографијата на г-динот Петар Гошев е политички дел. Значи, јас несакам да спорам со политичкото искуство на г-динот Петар Гошев. Меѓутоа, дали ние од биогравските податоци можеме да видиме дека г-динот Петар Гошев има практично економско искуство. Г-динот Петар Гошев можеби е најдобриот теоретичар во Република Македонија меѓутоа, со самото тоа што само една година беше министер во Владата на г-динот Црвенковски се пкажа според мене, незначи дека и другите колеги треба да биде така, дека тој сепак го нема доволниот практичен дел. Значи, уште еднаш ќе повторам, не спорам за теоретскиот дел, спорам за она што имавме можност да видиме дека г-динот Гошев беше една година министер. Не знам која беше причината на тогашниот премиер да го разреши г-динот Петар Гошев од функцијата министер за финансии, но знам дека г-динот Црвенковски на седница на Влада, кога се дискутирало за разрешувањето и на другите тројца министри кои беа разрешени, заедно со г-динот Петар Гошев, аргументите на г-динот Црвенковски биле дека тој не ги реализирал каптиалните инвестиции и немал доволно храброст. Ако тоа било образложението на г-динот Црвенковски како премиер на Владата на Република Македонија, тогашен премиер, кое ќе биде образложението, што истиот тој г-дин Црвенковски, го предлага истиот тој г-дин Гошев за гувернер на Народна Банка на Република Македонија, кога од таа функција г-динот Петар Гошев, треба, значи во критични моменти да биде одлучен и да донесува одлуки за она што е надлежност на гувернерот на Народната Банка.

Јас со овие мои аргументи ќе ја завршам дискусијата, а мое право е како ќе гласам за г-динот Петар Гошев, ама сигурно нема да биде за.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?  (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратеинците да влезат во салата да пристапиме кон гласање.

Почитувани пратеници предлогот Петар Гошев да биде именуван за гувернер на Народната Банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника, 56 пратеници гласале за, нема воздржани а 6 гласале против.

Констатирам дека Петар Гошев е именува за Гувернер на Народната Банка на Република Македонија .

На Гувернерот на Народната Банка на Република Македонија, г-динот Петар Гошев му го честитам именувањето и му посакувам успех во работата.

Минуваме на втората точка - **Предлог за разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Куманово**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ѕвонко Јовчевски да биде разрешен од функцијата претседател и судија на Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 56 гласале за.

Ги молам службите да го констатираат точниот број на присутни пратеници.

Во време на гласањето имаше 63 пратеници.

Констатирам дека г-динот Ѕвонко Јовчевски е разрешен од функцијата претседател и судија на Основниот суд во Куманово по негово барање.

Минуваме на точката три - **Предлог на одлука за огласување избор на судија во Основниот суд во Куманово**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника, 62 пратеника гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката .

Минуваме на точката четири - **Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Куманово**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеника, 60 гласале за.

Ве молам да го констатираме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката пет - **Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Гостивар**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јелена Кемери да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Гостивар, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Јелена Кемери е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Гостивар поради исполнување на услови за пензија.

Минуваме на точката 6 - **Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Битола**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Никодин Димовски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника, 63 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Никодин Димовски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Битола поради исполнување услови за старосна пензија.

Минуваме на точката седум - **Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Струмица**

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Снежана Цветковиќ од фукцијата судија на Основниот суд во Струмица.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Снежана Цветковиќ да биде разрешена од функцијата судија на Основниото суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам случбите да го констатираат точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници. Ве молам гласајте или воздржано да не се пребројуваме бидејќи трошиме само време.

Констатирам дека Снежана Цветковиќ е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на Михаил Јанев од функцијата судија на Основниот суд во Струмица.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Михаил Јанев да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струмица го ставам на Гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, 56 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

64 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Михаил Јанев е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струмица.

Минуваме на точката осум - **Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски”**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на **точката 9. - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на одборот за доделување на наградата 11 Октомври.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеника.

63 гласале за. Нема воздржан, немам против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на **точката 10. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија .**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес и молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **11. - Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО.**

Предлогот на декларацијата и мислењето на Владата Ви се доставени. Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата. Предлагачите на предлогот на декларацијата поднесоа амандмани во преамбулата на став 4 за додавање нов став 5-а по ставот 5, и на став 8 точка 2, точка 3, алинеја 4, и на точка 6, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на декларацијата.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на точка 3 алинеја 1 и 2 и на точка 4 со кои се согласил претставникот на предлагачите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на декларацијата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Ве молам, кој  бара збор?

Збор има пратеникот Каролина Ристова.

Повелете.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван пртседателе, почитувани колеги и колешки пратеници,

Оваа декларација е предложена од пратениците кои што сме членови на Комисијата за надворешна политика значи пратениците и од Парламентарната позиција и од Парламентарната опозиција, од причини затоа што сметавме дека пред Самитот во Истанбул на 27 и 28 јуни оваа година е потребно македонскиот парламент да заземе јасен став во однос на своите очекувања од овој Самит а кои што се совпаѓаат и со очекувањата на македонската Влада, тоа е добивање од НАТО алијансата јасен став и визија за нашето членство во НАТО, и во таа смисла би упатила на основниот став од преамбулата на декалрацијата кој што всушност е и главниот мотив за предлагање на оваа декларација. Имено, во осмиот став на преамбулата се вели дека поздравувајќи ја цврстата определба на алијансата реафирмирана во Прага од 2002 година за политиката на отворени врати и со очекување Самитот во Истанбул во јуни 2004 година, во своите завршни документи да даде јасна визија и порака за НАТО членството на државите партнери од Јадранската повелба каде што влегува покрај Албанија и Хрватска и нашата држава. Значи, тоа е основниот мотив за поднесувањето на оваа декларација. Во оваа прилика би сакала да истанам уште неколку ставови искажани во оваа декларација кои што се причина и мотив, сметам дека едногласно и од страна на позицијата и од страна на опозицијата да биде усвоена оваа декларација. Прво, заради афирмирање на тоа дека нашата определба за членство во НАТО е прашање на веќе афирмиран и докажан општествен и политички консензус. Затоа јас и ќе ја замолам нашата опозиција во Парламентот, ако може да дојде во моментот на гласањето тоа да биде и реафирмирано, бидејќи декларацијата е предложена од сите нас. Понатаму, би сакала да истакам дека прво, нашето очекување е во Алијансата што е изразено и во самата декларација стои дека ние навистина со својата определба, не постои само определба за наше членство во НАТО, туку ние имаме и јасно однесување и во меѓународната политика, меѓутоа и во домашното

однесување дека навистина нашето членство во НАТО  го гледаме како дел од нашата цврста определба да бидеме дел од колективните безбедносни системи, значи, НАТО во прв ред, меѓутоа, така делуваме и во рамките на Организацијата на Обединетите Нации, потоа нашата соработка со Западно-европската унија и со ОБСЕ. Значи, ние досега со нашето однесување и во муѓународната политика како што кажав, но, и на домашен терен не само што се декларираме, туку и делуваме во правец на остварување на оваа наша политика да станеме дел од колективните безбедносни системи. Потоа, друга работа која што е истакната во нашата предлог декларација е дека ова особено се однесува и на НАТО. Ние сме партнер на НАТО не само во партнерството за мир од 1995 година, туку сме и конструктивен партнер на НАТО во остварувањето на сите негови мисии на Балканот и помагаме практично во остварувањето на неговата улога и очекуваме тоа да биде потврдено и на самитот во Истанбул. Понатаму, во декларацијата јасно стои дека ние нашето членство во НАТО не го очекуваме само врз основа на некоја наша декларативна определба, туку и врз основа на нашата конкретна работа во правец на домашни реформи и во сферата на одбраната и безбедноста, меѓутоа и во остварувањето на сите оние други стандарди за членство во НАТО меѓу кои што се почитувањето на демократијата, човековите права, владеењето на правото и секако постигнувањето на економските стандарди на сегашните членки на НАТО. Во однос на овие стандарди Македонија има и своја конкретна стратегија и акционен план и годишни програми на Владата.

Трето, други реформи за кои што се зборува во областа на економијата и човековите права, а кои што на една седница на Комисијата за надворешна политика беа посебно истакнати од страна на амбасадорот на НАТО и предизвикаа можеби извесен степен на контраверзи. Според нас јасната визија изразена од Самитот во Истанбул всушност само ќе биде дополнително охрабрување по однос на остварувањето на овие реформи и стандарди, а не прашање на некаков релаксиран однос, или непостоење  свест дека тие реформи, значи реформите во сферата на економијата и во сферата на унапредувањето на човековите права и владеењето на правото се наша определба и постоење како што кажав свест дека истите треба и покрај евентуалното изразување на визија за членство, дека реформите ќе престанат и дека работите ќе се земат здраво за готово. Значи, се на се во декларацијата јасно исто така стои дека кај нас постои таа свест за обврските кои што значат достигнување на членство во  НАТО, меѓутоа постоење и свест за сите обврски кои што ќе следуваат по зачленувањето во НАТО. Всушност како што и

веќе кажав, ние веќе и пред членството во НАТО во меѓународната политика преземаме обврски кои што за нашата држава особено во овој историски момент се и сериозни обврски, тука пред се мислам на различните мисии кои што Република Македонија ги презела на себе, како што е Мисијата во Авганистан и во Ирак. Значи, се надевам колеги и колешки пратеници, дека оваа декларација ќе биде едногласно усвоена и истата ќе биде доставена до претседателот на Република Македонија, до Владата, меѓутоа и до генералнот секретар на НАТО и парламентарното Собрание на НАТО. Затоа и ќе молам тој политички и општествен консензус кој што постои во државата да биде уште еднаш потврден и со гласањето за оваа Предлог-декларација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувана г-ѓо потпртседател, почитувани пратеници, пред нас стои Предлог-декларацијата за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО, предложена од Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија. Значи, оваа иницијатива е преземена пред Самитот во Истанбул со цел да го докажеме не само меѓупартискиот консензус за членување на Македонија во НАТО, туку и успесите кои нашата земја ги постигна, се разбира во согласност со нивните препораки.

Јасно е дека има јасна согласност меѓу партиите за зачленување на Македонија во НАТО и тука нема дилеми, сите се согласуваме дека местото на Република Македонија е во ЕУ, во НАТО, како и во другите меѓународни структури. Ова е стратешка определба на сите нас. Со самата подготвеност да бидеме составен дел на овие меѓународни заедници, ЕУ и НАТО претходно ни ја има определено рамката на обврските кои треба да ги исполниме со цел да станеме составен дел на овие семејства. Значи, тука нема никакви сомнежи. Меѓутоа, проблемот стои токму во стандардите кои треба да ги исполни Македонија, се разбира според спецификите кои ги има.

Почитувани колеги, со ова што го кажав верувам дека сите се согласуваме и дека ова претставува наша реалност која сите ја познаваме. Тоа околу што не се согласуваме, односно имаме спротивставени проценки, тоа е внатрешната ситуација односно третирањето на внатрешните проблеми меѓу кои позначајни се меѓуетничките. Ние работите треба да ги гледаме токму такви какви што се. Факт е дека во Македонија Владата работите не ги води според посакуваната динамика и

барањата од меѓународната заедница, односно има застој во спроведувањето на реформите, како во судството, така и во администрацијата во целина. Со зборот реформи не треба да подразбираме само донесување на закони и на тој начин да докажеме дека се придржуваме кон сугестиите на НАТО и ЕУ, туку треба тие да функционираат и да се спроведуваат и во пракса. Исто така, се поставува прашањето како може да се каже дека се почитуваат човековите права и слободи, кога за жал се случува токму овој Парламент тоа да го оневозможува, односно да ги гази тие права, тука мислам на албанските пратеници кои и по конфликтот од 2001 година кој остави многу последици во човечки жртви, материјални штети. И покрај уставните измени сеуште имаат тешкотии пратениците тука да го користат албанскиот јазик како при водење на комисиските состаноци, така и при комуникација со другите собраниски служби. А да не говориме за тешкотиите да се употребува јазикот при контактот на граѓаните со државните и јавните институции. Ова што го велам во врска со јазикот за жал многу често претставници на сегашната Влада пласираат лаѓи во однос на ова. Посебно ова беше случај во тек на изборите, кампањата, изборната кампања, посебно од страна на г-динот Острени кој како еден од успесите на неговата партија цитирам вели: ние на правивме албанскиот јазик да биде на ниво на службен јазик во комуникацијата на целата територија на Република Македонија, што не е вистина. Кога ова го велат луѓе од власта и тоа албанци, тоа значи сигурно дека кај нас се создава забуна и кај меѓународнот фактор исто така, затоа што реалноста тоа го демантира.

Почитувани пратеници,

Тоа што е уште поапсурдно е дека во оваа држава не се респектира ниту имунитетот на пратеникот, а камоли други права. На сред бел ден тие се притвораат како животни во камповите и полициските станици, така беше случајот со еден наш пратеник кој после 11 часа приведување некому му текнува дека тој е пратеник и дека треба да се пушти од притвор. Тоа значи дека тука Уставот и законите се спроведуваат според желбата на власта, или пак на селективен начин според верската, или етничката припадност. Се говори исто така дами и господа и за Рамковниот договор, се вели дека во оваа насока се направени големи работи, постигнати се големи успеси и дека ни се останати само 5-6 закони кои треба да ги донесеме и на тој начин да ја комплетираме целата работа околу Рамковниот договор. Со ова, се има желба да се каже дека сите закони кои се усвоени досега и кои произлегуваат од Рамковниот договор се во ред. Меѓутоа, почитувани пратеници, реалноста е поинаква. Многу закони кои што ги има усвоено ова

Собрание со мнозинство на гласови се разбира од мнозинството по мое мислење треба повторно да се вратат на разгледување со цел да се направи нивно дополнување и изменување во согласност навистина со Рамковнот договор и со Уставот. Така на пример законот за патните исправи не се спроведува, затоа што постои тенденција едно колективно право да се претвори во индивидуално право што е неприфатливо за албанците како втора заедница по број во Република Македонија. Потоа, законот за посебни права на безбедносните сили и нивните семејства, овој закон е премногу дискриминирачки за албанците, меѓутоа и за другите кои беа жртви во текот на конфликтот во 2001 година. И покрај нашите напори за изменување на Закон, позицијата, односно власта го отфрли овој Предлог. Исто така, и законот за телекомуникации не се спроведува како резултат на непочитувањето на овој закон, сите патни сигнализации се ексклузивно на македонски јазик. Исто така, и Законот за државјанство кој пред неколку месеци беше изменет, не се спроведува поради дилемите кои ги предизвикува самиот закон, поради нејаснотии во членовите, како и во арбитрарните толкувања кои ги прават службениците во МВР. Најсвежиот пример е со изборот на претседател, тоа беше најфлагрантно направено на денот на гласањето од страна на луѓето кои беа во служба на оваа власт. Имаше масовна кражба на гласовите само со цел да се избере Бранко Црвенковски за претседател на државата. Со ова беше нарушен еден од главните столбови на оваа држава. Застапувањето на албанците во државната амдинистрација има застој што е најлошо албанците се испуштаат од работа на масовен начин и тие се заменуваат со други што исто така е во спротивност со Рамковноит договор и со Уставот. За ова говорат бројките кои што ги имаме. Корупцијата, не само што нема борба против корупцијата, туку напротив корупцијата уште натаму се продлабочува. Антикорупциската комисија и после година ипол откога е формирана нема резултати. Апсурдот стои во тоа дека и членовите на оваа комисија побарале нивниот паушал, надомест да им се зголеми, затоа што им изгледа мал. Оваа комисија треба да ги следи сите тие кои се инволвирани во корупцијата независно дали се тие од власта, или опозицијата. Се поставува прашањето што се случи со луѓето кои беа инволвирани во продажбата на над 50 дозволи за меѓународен транспорт на камионџиите кои се продаваа со над 5000 евра. Колку членовите од комисијата ги следат овие работи како и други случаи. Изгледа дека оваа афера заврши само со смена на работните места на лицето кое што можеби најмалку беше виновно, затоа што ги следеше само наредбите. Потоа, сиромаштијата во земјата, наместо таа да се надминува, сиромаштијата драстично

се зголемува. Ова е и последица на зголемувањето на невработеноста која сега достигнува бројка од над 400 илјади. Значи ова беа само неколку случаи и примери кои ја покажуваат неподготвеноста на оваа Влада да се соочи со реалноста. Сето она што се прави во оваа држава, посебно од институциите на државата се следи од претставниците на меѓународната заедница кои се претставени во нашата земја. Со ова што го велам немам намера ниту да ги минимизирам работите, ниту пак нив да ги зголемувам и претерувам Напротив, сакам да говорам со силата на аргументите, тргнувајќи од реалноста и тргнувајќи од она што се случува кај нас. Мојата цел како и целта на ДПА е да придонесе кон забрзувањето на надминувањето на проблемите како и другите спорни прашања на правичен начин во согласност со Рамковниот договор, Уставот и другите меѓународни акти

Сакам да ги поттикнам оние што се задолжени за спроведување на стандардите кои ги бара Европа и НАТО, со цел на подинамичен начин и без двоумење да се навлезе во спроведување на реформите. Само на тој начин ќе ја зголемиме соработката со НАТО и Европската унија. Доколку продолжиме да работиме така како што сме работеле досега, ние може да излеземе со бројни декларации, меѓутоа, времето на прием како во ЕУ, така и во НАТО ќе се одложи за неопределено време. Ние излеговме со декларација пред извесно време Владата што поскоро да аплицира за членство во ЕУ, меѓутоа, и покрај тоа забрзувањето на процесот на приемот на Република Македонија во Европската унија, се виде дека воопшто не зависи од таа декларација, туку од тоа ние работиме во спроведувањето на нивните препораки за прием во Европската унија. Не случајно е што ни се поставуваат три илјади прашања на кои треба да се дадат одговори со јасни факти и конкретни факти за тоа како се работело и како ќе се работи натаму за исполнување на стандардите кои се бараат од нас.

На крај, јас уште еднаш би апелирал до сите оние кои се одговорни за реформите и оние кои треба да ги направат и другите измени, значајни измени кои ги спомнав погоре, тоа да го направат со одговорност, без двоумење, затоа што доколку се делува спротивно само ќе нанесе штета не само на државата, туку и на граѓаните. Со ова што го изложив пред вас не сакам да оставам впечаток дека на одреден начин јас сум против оваа декларација, напротив, тоа го кажав и на почетокот дека ние ги поддржуваме овие иницијативи, затоа што навистина сме заинтересирани НАТО постојано да биде присутен тука, а се разбира и Македонија во НАТО. Меѓутоа, за тоа да биде така, тоа не зависи само од манифестација на нашата желба, туку од исполнувањето на обврските кои сме ги преземале. За ова

најголема одговорност сноси Владата, затоа што таа ги има сите механзими да ги реализира. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последниот кој е пријавен за реплика е господинот Арифи Јусуф, а првиот е господинот Благој Голомеов.

Дали имате реплика или дискусија?

Господинот Абдулаки Адеми има реплика.

Повелете, три минути.

АБДУЛАКИ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател.

Сакам да реплицирам на претходниот говорник, посебно каде ги споменува последните претседателски избори. Целата јавност знае од последните оценки околу претседателските избори, но воопшто не сме ги заборавиле ниту претседателските избори од 1998 година, во суштина од 1999 година кога на класичен начин се присили гласот на граѓаните, но не ги заборавивме ниту локалните избори од 2000 година кога на најсуров начин се обесчести гласот токму од партијата на претходниот говорник. Во 2000 година вие убивте и едно младо момче. Жалам што го спомнувам ова и се извинувам на членовите на семејството на тоа момче од Кондово. Господине, вие сте се изгубиле во вашиот двор. Вие зборувате и за власта на ДУИ во овој момент, додека во декларацијата во весникот Факти вие прифаќате дека ДПА со застапеноста во Владата во тоа време било само формално. Сега се трудите да не критикувате нас како учествуваме во оваа власт. Ние учествуваме во власта и населението многу добро го знае ова и ја оценува оваа состојба, како сме застапени во власта. Затоа, добро е да ги спомнете овие што ги спомнаа сега во репликата и да не продавате демагогија пред јавноста. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Халими, една минута, повелете.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас жалам што имам само една минута да одговорам, бидејќи мојот одговор би требало да биде поширок. Жалам што тие како пример ги земаат изборите во минатото и продолжуваат така да дејствуваат. Ако тогаш се дејствуваше на тој начин, ако тие констатираа, а што не е вистина, јас мислам дека не треба тоа да се повтори, уште повеќе кога сега се бара забрзување на внесување на Македонија во меѓународните организми. Тоа што вели дека ти си убил човек, ова е тешко обвинување и би побарал да се обвини човекот, претходниот говорник, бидејќи тоа

не е вистина. Во изборите можат да се судрат луѓето, може и да се убијат. Но, не може за ова да сноси одговорност некоја политичка партија. Ова може да бидат и инаети меѓу луѓето кои биле и претходно тоа се моменти кои тие можат да ги манифестираат тие недоразбирања. Тоа е еден голем апсурд во ова време по војната кога се убија 400 лица со 1000 ранети ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Станковска, имате три минути реплика.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Јас, почитуваниот колега се обидувам да го разберам и неговите заложби и неговата партија за поддршка за интегрирање на Република Македонија во Европска унија и НАТО. Но, колку и да се обидувам јас тоа не можам да го разберам, од која причина. Овие заложби ги доживувам само декларативно, заради тоа што на Комисија за надворешна политика во сите прилики кога сме имале претставници на меѓународна заедница кои на некој начин сакаат да ни помогнат и на некој начин да не упатат на она што е битно за нас, не пропуштаат прилика да кажат дека во Македонија не е така како што се презентира односно ништо не се случува онака како што е. Тоа главно се сервира од нивна страна и воопшто не држат тие работи. Ако тежнееме, колега, да бидеме дел од НАТО и од Европска унија, на вас ви е многу добро познато дека тие имаат свои стандарди. Дозволете тие да ценат според нивните стандарди дали ние, каде, кога и како ќе влеземе или ќе бидеме дел од таа меѓународна заедница, а не според вашите стандарди.

На крај, оваа ваша двојна демагогија ја толкувам како страв за мандатот на овој парламентарен состав и Влада, да ни се случи нешто повеќе отколку во вашето време и вие политички поени можете да изгубите пред вашите гласачи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Халими, повелете.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Жалам што колешката не се надоврзува на податоците, но тоа што јас го кажав, туку говори во општ стил на тој комунистички стил затоа што е кадар на тоа време, затоа што нема аргументи да се спротистави на сите аргументи и мои факти за позицијата и состојбата на албанците во Република Македонија и за тоа како работи оваа Влада во однос на исполнувањето на стандардите кои се бараат од Европкста унија и од НАТО.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јусуф Арифи, имате три минути.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Кога говориме за визниот режим отстранувањето на визите, апликација или членство во Европската унија или членство во НАТО, обично преку дискусиите на сите колеги без оглед дали се од позиција или опозиција се нагласува дека сме за да ги оствариме овие иницијативи. Така и вчера на седница се изјаснија и неколку колеги, мислам дека не е така. Не е доволно само да дискутираме дека сме за да ги оствариме сите овие стремежи, треба да бидеме поконкретни и тоа да го изразиме и со нашата работа. Дискусијата на господинот Илјаз Халими за мене е една опструкција за сите иницијативи за остварување на овие наши стремежи. Не е доволно само да се излезе на говорница и да се обвини некој зошто некои работи не одат како што треба.

Но треба да направиме една анализа на активностите внатре во нашите партии. Мислам дека не е добро за да ги постигнеме овие цели доколку ниту еден закон од страна на опозицијата од Охридскиот договор не се гласа или за цело време се обвинуваат нашите предлози. Не е добро во претседателските избори во втората рунда да се бојкотира процесот, иако од меѓународната заедница се апелираше изборите треба да бидат успешни без оглед на тоа кој ќе победи. Наспроти, не дека се бојкотирани, туку се потрудија да направат и опструкции во гласачките места, така што се спомна и имунитетот на еден колега кој во селото Синичани во гласачкото место заедно со некои други членови на ДПА кои вие добро ги знаете влегуваат со оружје и ги напаѓаат, ја напаѓаат комисијата во гласачкото место, ги кршат кутиите со закани дека ова ќе го направат и во другите места таму каде што мислат да гласаат во текот на изборите. И, не беше привиден. Откако полицајците разбраа дека е приведен, тој сам сакал да се солидализирал со другите, а целта не ја постигнал и другите колеги ќе ги предаде и не ги приведуваат сите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Јусуф Арифи.

Повелете господине Халими една минута.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас се радувам што колегата Јусуфи знае, работи, делува, токму како да е припадник на безбедносните сили на Македонија. Се обиде детално да ги објасни

некои работи, меѓутоа тоа не е така. Нашите луѓе на денот на гласањето беа во функција на заштита на законот, на функционирање на законот да се гласа, секој да гласа за себе. Тоа не се случи, гласовите беа ставани од ДУИ, од бандите на Али Ахмети за да го направат претседател на државата Бранко Црвенковски, а како компензација за тоа беше да добијат заменик министер за локална самоуправа. Ова е апсурд што се случува со една албанска партија која е на власт.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Талат Џафери процедурално.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател.

Мислам дека и вие и ние, сите тука имаме одговорност да не дозволуваме вакви оценки, а најмалку да се генерализираат работите и со имиња кои тука се даваат денес од пратеници. Неколку пати сме говореле за ова и сме говореле дека тука нема банди на Али Ахмети, тоа се пратеници изгласани од граѓаните на Република Македонија кои актуелно се на власт. За главните бандити јас не сакам да говорам, тоа го кажав и минатиот пат на една реплика во однос на господинот Георгиевски. Меѓутоа имајќи предвид кој коалицираше, кој беше во коалиција со нив, не е тешко да се види кој говори за бандити и бандитизми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една забелешка, јас се извинувам што не го прекинав господинот Халими, но тоа беше на крај и мислам дека процедуралното заврши. Нема реплика.

Повелете господине Трендафилов имате збор, а нека се подготви пратеникот Благој Голомеов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да ја потсетам почитуваната колешка, која во името на предлагачите ни ги изложи намерите кои се опфатени со предложената декларација дека во минатата деценија Парламентот на Република Македонија има донесено декларација за зачленување во НАТО. Потоа, дека Република Македонија е членка во иницијативата Партнерство за мир, дека Република Македонија на регионално ниво учествува со свои единици во мултинационалната мировна бригада на Југоисточна Европа и дека најновата иницијатива за регионална соработка е преточена во Јадранската повелба. Ова го зборувам, затоа што во духот на вчерашните дискусии, кои делумно доаѓаат токму од Комисијата за надворешна политика кога се разгледуваше информацијата за визен режим, постојано се

истакнуваше дека визниот режим во поглед на реадмисијата е предмет на билатерални односи. Така, најмалку што можеле да направат предлагачите ако сакале да ја задолжат Владата да направи нешто, тоа е ова да го преточат како резолуција со конкретни обврски кои Владата треба да ги преземе во иднина. Инаку, декларација за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО е однос помеѓу две страни. Од една страна е Република Македонија со нејзина конкретна позиција преку партнерството за мир и учеството во мултинационалната мировна бригада и како потписник на Јадранската повелба. Од друга страна, Нато алијансата како страна која е застапувана од канцеларијата на генералниот секретаријат на НАТО. Значи, ние не можеме да зборуваме за подигнување на односите, затоа што ние сакаме да се подигнат односите. Односите меѓу Република Македонија и НАТО можат да завршат само на два начина. Или да излезат луѓето од НАТО со многу регионални иницијативи од типот на Јадранската повелба или да станеме членка на НАТО. Ние сме го достигнале врвот на она што се нарекува подигнување на односи со НАТО до одредена граница. Понатаму, нема што да се прави во поглед на декларативните заложби, затоа што следниот чекор ќе биде или зачленување во НАТО или НАТО дали во рамките на партнерство за мир или некоја слична иницијатива ќе ни понудат уште друга иницијативи, која би ни дала време за нашите вооружени сили за да се трансформираат за да го достигнат степенот на реформите кои се бараат од нас.

Најнепријатни беа забелешките кога не знам од кои причини ја повикуваше опозицијата да се придружи кон оваа иницијатива, би реко топла вода, ајде во ред, ние ќе се придружиме, но сакам да укажам дека Собранието на Република Македонија има донесено Декларација и од 1995 година, без оглед која политичка гарнитура е на власт прави одреден прогрес кон доближување на нашите вооружени сили во поглед на она што се нарекува интеропарабилно со Нато алијансата. Повеќе лошо или помалку лошо, но ние се движиме на тој пат и од Република Македонија зависи кога и како ќе се зачлени или ќе биде повикана за зачленување во Нато алијансата.

Инаку, ако веќе инсистира колешката од Комисијата за надворешна политика на помалку од еден месец, ние да се обидуваме со вакви говори кои навистина ништо суштински не придонесуваат во нашата комуникација или нивото на односите помеѓу Република Македонија и НАТО, можеби ќе оставиме по малку и несериозен впечаток, затоа што веруваме, како што слушнав во повеќе наврати, ќе испратиме јасен сигнал до Инстанбулскиот самит на НАТО. Сигналот е, велам, испратен,

почнувајќи од минатата деценија со донесувањето на Резолуцијата, со нашето активно учество во Партнерството за мир и конечно со најновите две регионални иницијативи. Едната е конкретна, ќе ја повторам уште еднаш тоа е учеството на македонските војници во мултинационалната мировна бригада за Југоисточна Европа и потпишувањето на Јадранската повелба. Значи, сега ние на помалку од еден месец можеби се обидуваме и можеби ќе оставиме впечаток дека се обидуваме со така, би рекол чиста декларативна заложба да го занемариме или да го надокнадиме она што е реално пропуштено во националниот акционен план за членство во НАТО, во годишната програма и во сличните иницијативи кои ние ги поставуваме сами пред себе во трансформацијата на вооружените сили.

Доколку предлагачот и членовите на надворешната комисија и понатаму инсистираат на овој однос, кој е велам, пред се, билатерален, се зборува за односи меѓу две страни, Република Македонија и НАТО. Ако сакате да размислуваме во таа насока, можеби е подобро да излезете со предлог кој е резолуција, затоа што резолуцијата како документ обврзува домашни институции и ние ќе ја обврзуваме нашата Влада, а велам нема ние што повеќе да унапредиме во односите со НАТО. Или ќе се појават луѓето пред нас со нова иницијатива да ни помогнат или ќе станеме членка на НАТО. Ние сме веќе активни учесници во многу иницијативи од НАТО, најголемата и преку која многу земји станаа членки на НАТО е токму Партнерството за мир.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Каролина Ристова има реплика од три минути.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Стиснав копче, но благодарам на инструкцијта.

Господине Трендафилов, сето тоа што го кажавте за нашите осноси со НАТО, навистина држи. Јас не успеав во моето излагање сите тие релации да ги изнесам. Спомнав само дел. Меѓутоа, мислам дека со предлагачите имате суштинска разлика во сфаќањето што е функцијата на оваа Декларација.

Вообичаено, декларациите се носат не само во смисла начелно, декларативно делување према некоја меѓународна институција или некаков глобален процес туку и ад хок. Парламентите, ќе видите во други земји, меѓутоа и меѓународите, носат ад кох резолуции и декларации. Значи, врз основа на конкретни настани.

Самитот во Истамбул е еден од таквите настани и овде, подигнувањето на односите со НАТО-предлагачите го сфаќам во смисла дека новиот квалитет во сите тие односи што ги спомнавте би бил нивното јасно изразување на нивната визија во рамките на политиката на отворени врати, дека овие три држави од трилатералата, таканаречената Јадранска повелба, дека ќе бидат во одреден временски период членки, според нас 2006-2007 година. Значи, тоа би бил новиот квалитет што ние, со оваа Декларација искажуваме дека го очекуваме од Самитот во Истамбул.

Што се однесува до придружувањето на опозицијата, мислам дека не сме се разбрале. Опозицијата е потпишана, членовите на опозицијата во Комисијата за надворешна политика се потпишани на оваа Декларација. Она што сакав да кажам дека е сега, во моментот на гласањето што е можно повеќе сите да бидеме овде присутни, затоа што стои како став дека постои политички консензус по декларацијата и да биде изразена во самото гласање, бидејќи сакам само да апелирам да бидеме сите поприсутни, да укажам на тој момент. Тоа беше моментот кога јас зборував. Не ја оспорувам поддршката на опозицијата по однос на Декларацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трендафилов повелете имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Како израз на мојата добра волоја и благодарност на грижата на госпоѓата Каролина Ристова кон нас пратениците од опозицијата, дури и да излезат со предлог Комисијата за надворешна политика со која ќе се прогласиме за членки на НАТО го имате мојот глас во секое време.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние имаме уште осум минути до пауза.

Господине Голомеов дали се доволни осум минути?

Добро, повелете имате збор, а после паузата е господинот Трифун Костовски.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дозволете ми сосема на кратко да ја искажам безрезервната поддршка на пратеничката група на ЛДП во поддршка на оваа Декларација, документ што се наоѓа пред нас денеска.

Во исто време би сакал да го изразам своето незадоволство што и по едно вакво прашање, за кое имаме постигнато консензус помеѓу сите релевантни

политички субјекти во Република Македонија, документ што треба да се донесе во една многу посвечена и поконструктивна атмосфера, ние водиме меупартиски препукувања и фрламе сенка, односно го деструираме моментот што, пак велам, треба да биде многу посвечен и поконструктивен.

Зошто ваков документ, означен како Декларација за подигнување на нивото на односите и соработката на Република Македонија и НАТО е во овој момент? До некаде се согласувам со претходниот дискутант, господинот Трендафилов дека ваков документ е донесен во 1993 година. Меѓутоа од тогаш па наваму ова е втора Декларација и од тогаш до сега се направени многу активности од страна на Република Македонија во напорите за нејзино приближување кон структурите на НАТО. Сметам дека со еден ваков документ ќе покажеме и ќе ја заинтригираме Европската заедница дека Република Македонија во одредени сегменти, како што е постигнување стабилност на цела територија на Република Македонија, посебно реформите во одбраната и покрај многуте други тешкотии со кои се соочуваме, заслужуваме посериозен однос од страна на оваа ЕА-структура кон Република Македонија во пресред на Истамбулскиот самит.

Затоа сметам дека ваквата Декларација уште еднаш ги покажува и докажува нашите заложби, нашиот однос кон ова прашање и затоа сметам дека треба оваа Декларација да биде донесена со консензус од страна на сите претставници во Парламентот. Уште еднаш да покажеме дека европските перспективи за Република Македонија се реалност а не само пуста желба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам господине Голомеов.

Објавувам пауза до 15,30 часот.

Има уште три дискутанти.

Продолжуваме со работа во 15,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,40 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата да продолжиме со расправата по точката 11.

Господинот Трифун Костовски не е тука.

Избришете го.

Господинот Ејуп Рустеми не е тука.

Господинот Коце Трајановски не е тука.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците, бидејќи ќе пристапиме кон гласање да влезат во Парламентот и во салата.

(Пратеникот Коце Трајановски бара збор процедурално).

Повелете Коце Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, барам да обезбедите кворум. Доколку не обезбедите за 10 минути, подобро да ја прекинете седницата, бидејќи на ваков начин не може да работи Собранието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Тоа е моја одлука, сепак.

Господине Џелили барате збор процедурално?

Ве молам, вклучете го господинот Џелили.

Повелете, процедурално.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Господине претседател, почитувани колеги,

Јас не знам сега дали е веќе затворена точката 6, од причина што дојдов да се јавам за збор и да го кажам моето мислење што се однесува на Декларацијата за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Расправата е затворена господине, јас прашав кој бара збор, причекав колку е нормално 10-15, 15 секунди, никој не се пријави. Така што расправата е затворена.

Јас сега чекам да се обезбеди кворумот.

(Реакција од пратеници кои бараат да добијат збор).

Затворена е расправата. Сега чекаме кворум.

Расправата е затворена. Јас реков точно паузата е до 15,30 часот. Дури чекав и повеќе од пет минути.

(Реакција од страна на пратениците).

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пред да пристапиме кон гласањето.

(Пратеникот Слободан Даневски бара збор процедурално).

Повелете господине Даневски имате збор процедурално.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Како еден од предлагачите мислам дека треба да ми дадете збор, да го кажам моето мислење затоа што јас сум потписник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно е така, само во текот на расправата, господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Предлагачот, господине претседателе, во секое време има право да се јави за збор. Исто како на министерот кога му давате право. Така и предлагачот. И на закон и на декларација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На министерот не му давам збор кога ќе се заврши расправата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не може вие да ги фаворизирате сега министрите, а пратениците не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе почекаме уште 10 минути. Ако не се обезбеди кворум за 10 минути, ќе ја прекинам седницата.

(Реакција од страна на пратениците).

Ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата).

Почитувани пратеници, во салата се присутни 63 пратеници.

Бидејќи расправата е заклучена, претресот е заклучен, Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакција од страна на пратеникот Трифун Костовски).

Се извинувам господине Трифун Костовски, јас бев овде точно на време во 15,30 часот, не бевте присутни. Не само вие, туку уште тројца пратеници.

(Реакција од страна на пратеникот).

Молам да го повториме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, 61 пратеник гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата.

**Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 16 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратенци, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Иџет Мемети, министер за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Дозволете ми на кратко да ја образложам причината односно потребата од донесување на измените на Законот за локални избори, а истовремено би сакал накратко да ја образложам и содржината на новите измени што ги нудиме ние како Влада.

Првата потреба од измена и дополнување на Законот за локални избори односно неговото усогласување со систематските решенија во изборната област се укажа за спроведување на постапка за предвремените избори за градоначалници кои требаше да ги одржиме во 2003 година.

Покрај ова, во меѓувреме беше донесен и Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, а во поново време и Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, кој исто така се темелат на нови стандарди.

Од друга страна, нам ни  претстојат нови локални избори за избор на членови на советите на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и новите избори за градоначалници на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, кои избори треба да ги одразат новите сознанија и потреби за демократија во изборната постапка, јавност и транспарентност на изборниот процес, поголема заштита на изборното право, како и надминување на одредени непрецизности во постојната законска регулатива.

Затоа, Владата на Република Македонија  ви предлага текст на измени и дополнувања на Законот за локални избори а со измените предлагаме новини и тие би сакал накратко да ги набројам:

1. Предлагаме локалните избори во иднина, почнувајќи од овие избори, да се одржуваат во ден недела, во третата недела на месец октомври, секоја четврта година. Одредба што до сега ни недостасуваше.

2. Предлагаме изборната кампања на овие и на идните локални избори да трае 20 дена, се со цел да добиеме во тоа што значи ефикасност и економичност.

3. Понатаму, предлагаме да се намали изборниот цензус, односно предлагаме за избран градоначалник во првиот круг да се смета тој кандидат кој ќе добие мнозинство гласови од гласачите што ќе излазат да гласаат, под услов ако тој цензус, значи да излегле да гласаат, е не помалку од 1/3 од вкупното избирачко тело за насловната или за таа општина.

Ако во првиот круг никој од кандидатите не го добие потребното мнозинство, тогаш со новите решенија предлагаме да се оди во втор круг, а во вториот круг да се натпреваруваат само двајца кандидати кои ќе добијат повеќе гласови во првиот круг.

Понатаму, во измените на Законот предлагаме унапредување на заштитата на избирачкото право.

И по однос на финансирање на изборната кампања, нудиме нови и квалитетни решенија.

Понатаму, почитувани пратенци, Законот ви нуди нови решенија по однос на употребата на јазиците во локалниот изборен процес и сметаме дека нудиме квалитетни решенија со кои, во целост, повторувам во целост предлагаме да се имплементира Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија, што е последица од Рамковниот договор.

На крај, почитувани пратеници, дозволете ми да ја користам можноста, да ве информирам дека во наредниот период ќе биде подготвен изборен законик што ќе ја регулира постапката за сите видови на изборни дејствија и избори во Република Македонија, се со цел да се надминат ситуациите пред секоја изборна година или пред секои избори да се доведеме во ситуација, како што е и до сега, да менуваме односно дополнуваме изборен закон, било да е тоа за парламентарни избори, било да е тоа за претседателски избори, за локални избори, со цел усогласување на текстовите на законите. Како Влада сметаме дека и те како е важен тој изборен законик на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Збор има пратеникот Трифун Костовски, а нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Морам да протестирам бидејки недемократски ми го одзедовте зборот по претходната точка.

Седницата не продлжи во даденото време. Чекавте додатни десет минути да се создаде кворум и сметам дека тоа е кришење на моето право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Костовски не сте во право. Очигледно мојот метод на работа не го следите. Јас дојдов точно во 15,30 часот, како што кажав. Беа тројца пратеници пријавени за дискусија, меѓу кои бевте и Вие. Беште тука г-динот Ејуп Рустеми, беше тука г-динот Коце Трајановски. Никој од Вас тројца не беше присутен кога јас ја продолжив расправата, а по Деловникот не треба кворум за расправа. Откако прашав дали има уште некој да се јави за збор, никој не се јави и јас ја затворив расправата. Чекав кворум за расправа. Според тоа не Ви го ускратувам демократското право, туку треба да го почитуваме времето и да бидеме ефикасни. Тоа барем мислам сите го знаеме и треба да го почитуваме.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Навистина, г-дине претседателе не можам да сватам како можевте да дозволите таква точка да биде на дневен ред, банална, морам да кажам за која изгубивме драгоцено време, а пратеници кои сакаат за тоа да се изјаснат, не им дозволувате. Не сакам понатаму да коментирам. Го имате вашето право. Тоа останува.

Го молам предлагачот, г-динот министер да ми објасни дали членот 17-а став 2 и членот 45 или 46, бидејки тукаброките се малку испомешани, став 13, се во согласност со членот 7 од Уставот на Република Македонија . Ако не ви смета јас тоа би го прочитал:

“Подносителот на листа од став 1 на овој член во единицата на локална самоуправа во коај најмалку 20% од граѓаните зборуваат на службен јазик различен на македонскиот јазик, поднесувањето на листите на кандидати односно листата на кандидат за градоначалник се врши на службен јазик и писмо што го употребуваат граѓаните за таа единица на локална самоуправа”.

Понатаму во член 46 во кој се вели: Во членот 45 ставовите 11 и 12 се менуваат и гласат “гласачкото ливче се печати на макеоднски јазик и неговото кирилско писмо во единиците на локална самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот. Гласачките ливчиња се печатат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и н аслужбениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа единица на локална самоуправа”.

Понатаму по став 12 се додава нов став 13 кој гласи: “Ако на подрачјето на Град Скопје има помалку од 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, во гласачкото ливче името на подесителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а за припадниците на другите заедници името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие припаѓаат”. Зборуваме за процент помалку од 20%. Прашањето е што како понапред го спомнав. Дали е во согласност со член 7 од Уставот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за правда г-динот Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван пратениче, ние како предлагачи на овој закон сметаме дека трите членови кои ги спомнавте во текстот на законот се апсолутно во согласност со амандманот 5 кој сега е член 7 од Уставот на Република Македонија и тоа од следниве причини:

Во членот 7 од Уставот на Република Македонија децидно и прецизно е нормирано што се подразбира под службени јазици на Република Македонија, па со оглед на тоа, а имајќи го предвид ставот 5 од уставниот амандман во кој децидно се спомнува дека во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се користи во согласност со закон. Во дадениот момент ние предлагаме закон, со цел да се уреди тоа прашање.

Второ, ако понатаму го читате амандманот на Уставот следи ставот кој до крај прецизира што се подразбира под службен јазик во подачето односно во единиците на локална самоуправа каде над 20% се припадници на другите заедници. Тоа е втората категорија, а првата категорија е ставот 2 дека службен јазик во Република

Македонија е и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните. Значи на ниво на држава.

Со оглед што на ваков начин Уставот го уредува прашањето на употребата на јазиците во единиците на локална самоуправа, значи на паралелно ниво двата јазици се службени и државниот односно македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и јазикот и писмото на заедницата која е над 20%. Итекако од уставна гледна точка овие три амандмани кои Вие ги спомнавте, се во согласност со Уставот на Република Македонија и се кристално чисти решенија.

Само на крај би сакал да нагласам и по однос на забелешката или прашањето кое ако јас го сватив , како е можно во Градот Скопје да се употребува и вториот службен јазик  кој го користат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија. Тоа не е новина. На таков начин беа организирани изборите во целата држава во 2002 година, мислам тука на парламентарните избори.

Пред неколку дена, поточно пред месец и нешто беа одржани претседателските избори во РМ каде низ целата држава гласачкото ливче буквално не двојазично, туку на начин како што беа договорени сите политички партии чии одредби и на Законот за парламентарни избори и на Законот за претседателски избори не само што го издржаа тестот на јавноста дека се во согласност со уставната одредба, туку за овие два закони , досега јас не се сеќавам дека одреден иницијатор односно предлагач поднел иницијатива до Уставниот суд за да имаме и уставно судска пракса по однос на употребата на јазиците.

И на крај би сакал уште еднаш да ве уверам дека апсолутно овие три члена се во согласност со уставните одредби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Костовски имате три минути реплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Можеби јас погрешно читам, или погрешно е напишано.

Вели: По став 12 се додава нов став 13 кој гласи: “Ако на подрачјето на Град Скопје има, не велам, најмалку 20 туку помалку од 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик...” Зборуваме за збор помалку, повеќе или најмалку. Дали е тоа грешка, дали е лапсус, или пак свесно убедување во нешто во што треба Уставот да се стави зад интересите на политичките партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Вие го читате можеби членот кој е во Предлогот на законот. Ви укажувам да го прочитате амандманот 13 од ЗПК кој е составен дел на законот и него денеска го гледаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Текстот што го имам пред мене е овој, г-дине министер. Јас би сакал да ги соочиме или точно да го прочитаме член 13. Еве јас ќе го прочитам до крај.

“Ако на подрачјето на Градот Скопје има помалку од 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, (говориме помалку од 20%, може да биде  од 01 до 20%.) во гласачкото ливче името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а за припадниците на другите заедници името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие и припаѓаат”.

Јас тој текст го имам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитувани пратеници, мене ми е жал што не можам да ви помогнам и да ви ги средам материјалите. За тоа ќе треба сами да се погрижите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука завршуваме.

Има амандман 13 кој го преформулира тој став. Мислам дека министерот на тоа мислеше, на амандманот 13. Но ќе дојдеме до него и ќе го дискутираме, па ќе видиме дали е соодветно преформулиран.

Повелете г-дине Спиро Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Уште еднаш слушаме лекција од минситрите за пратениците.

Министерот за правда, прво со еден ваков закон кој ни го нуди и кажува дека не се средени амандманите, да кажам дека голем број од амандманите ги добивме на денешната седница, на самиот почеток. Владата во овој период од 4-5 дена кога

Парламентот заседаваше секојдневно, успеа денес на дневен ред да постави 5 закони за кои кажувате дека се битни, еден за НАТО, за Истамбул, вашиот за гласање, за локални избори, ајде претседателските избори беа вонредни, но сега овде нема ништо вонредно. Тоа требаше да го завршите. Самите кажувате дека треба да добиеме пречистен текст. Ако тоа е пречистен текст и ако може да го видат тоа граѓаните на РМ, кога во секој член се нешто се префрла , од еден во друг член и се прикажува дека Министерството за правда изработило нешто ново, мислам дека имаме проблем.Министерството за правда е тоа што треба да донесе пречистен текст што пратениците ќе треба да го гледаат. Меѓутоа, што се случува сега. За денешната седница успеавте - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори, со Предлог на закон за кој велите дека ништо не е тука спорно , дека законот е многу едноставен и дека ќе треба да се разгледа и усвои денес. Понатаму Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачки список, па после тоа одиме донесување на закон за управување со кризи, во кој ќе видиме воведување на воена диктатура, потоа Предлог на резолуција за развој и трансформација на одбраната и тука со иљада нови моменти , дали некој ги разгледал или не ги разгледал, што понатаму, ќе видиме и Предлог закон за заштита. Сите овие закони што ги дадовте до пратениците за овие 4 дена кога заседаваше Собранието. Сега кој можеше тоа да го прочита, го прочита, многу од колегите можеби не го видоа и сега ќе треба да расправаме. Јас исто како г-динот Трифун Костовски, апсолутно го подржувам и читам тоа што е испратено. Од ЗПК и амандманите што се поднесени од пратениците кои можат да станат составен дел на законот, ќе кажете вие, кога ќе дојдеме на амандманската расправа. Ние сега незнаеме дали тоа ќе биде составен дел на законот, а вие веќе знаете нешто преднас и  сега доаѓаме во ситуација дека пратениците не ја следат целата работа.

Во секој случај би сакал да прокоментирам неколку члена од она што ни го понудивте како нов закон.

Би почнал со членот 7-а, “вонредните избори за членови на совети и градоначалник, нема да се спроведат до колку до редовните избори има помалку од 6 месеци”. Помалку од 6 месеци, истото тоа што го постави г-динот Трифун Костовски, се 175 дена и помалку се 20 дена. Мислам дека треба да дефинираме, бидјеки изборот е некаде 70 дена и останува меѓу простор од 100 дена каде некој аопштина може да биде со градоначалник или нема да има градоначалник.

Во член 8 воведуваме став 3 и став 4, два нови  става и кажувате “двајца членови и нивните заменици во изборната комисија се именуваат на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови”. И став 4 “ двајца членови и нивни заменици во Изборната комисија се именуваат на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови”. Значи со ова доаѓаме до тоа изборната комисија да ја составуваат само 4 партии. Каде е тука рамноправноста на останатите партии кои добиле можеби за иљада или помалку гласови од онаа партија која била пред  нив. Дали на овој начин ги исклучуваме сите и остануваат 4 партии кои победиле на претходните избори, а тоа не значи дека нивниот рејтинг и во сегашниот момент е таков за во наредните избори да можат тие да ги избира изборната комисија. Мислам дека во случајот има проблем.

Во член 15 кажуваме дека избирачкиот одбор непосредно раководи со гласањето на гласачкото место, обезбедува правилност и тајност на гласањето, обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето и го сумира резултатот од гласањето на гласачкото место.

Сето тоа ќе биде во ред, ако не се случуваат овие работи што се случуваат кај нас. Кој е начинот на кој тој избирачки одбор ќе може да успее да не се случува насилство, да не се случува да влегуваат секакви лица кои ќе вршат притисок. Ние донесувам ееден закон , кој закон вака напишан на хартиеја е многу добар, но како тоа ќе го спроведеме.

Воведувате член 17, го менувате постоечкиот член 15 и кажувате дека во општина до 10 иљади жители треба најмалку 100 потписи, до 30 иљади, 150 потписи и т.н. Досегашниот цензус беше 200 потписи и со тоа беше задоволено. Во случајов мислам тоа псолутно е непотребно. Добро беше и тоа како што е. Така што сега бројот на потписи што се зголемуваат е едноставно малтретирање на луѓето и носење до местата каде што ќе треба да се легитимираат.

Член 28. Мислам на оваа седница точка 25 имаме Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот против ограничување на конкуренцијата, со Предлог на закон. Тука значи одиме во една ситуација каде носиме една монополска функција и во последниот став на член 28 се вели “ Управата на Телекомуникации е должна, веднаш по приемот на изестувањето да донесе решение за одземање на радиостаницата на иmателот кој ја направил неправилноста , во траење  од 48 часа”. Значи кога тоа се поднесува во законот, се одбива, сега го внесувате во овој закон.

Дали сега двата закони треба да се усогласат или тоа е само дел од изборната активност, ќе треба да ни кажете.

Понатаму членот 29 со кој го менувате постоечкиот член 28 и каде се одолговлекува решението, со тоа што додавате уште два става и се вели: -против одлуката на Основниот суд може да се поднесе жалба во рок од 72 часа од денот на приемот на одлуката, до надлежниот Апелационен суд. Мислам дека се премногу. Можеби би било подобро да бидат 24 или 48 часа и надлежниот Апелационен суд одлучува во рок од 72 часа од денот на поднесувањето на жалбата. Бидејќи тоа не стоеше во претходниот член 28, така постапката се одолговлеквуа за цели 6 дена.

Член 31 од постоечкиот, воведувате нови членови, член 29-а - испитување на јавното мислење се објавува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на избори. До сега беше 15 дена, значи се приближуваме до она што кажавте ако се намалува квотата од 30 на 20 дена и овие 5 дена, ќе испадне дека е ова во текот на самото одржување на изборите.

Понатаму имаме испитување на јавното мислење кое може да се врши на самиот ден на изборите, а резултатите да бидат објавени најрано непосредно пред затворање на гласачкото место.

Мислам дека и на овие избори се случи нешто кога граѓаните на Република Македонија сите до еден добија СМС пораки во текот на гласањето, дали е регуларно или не, и во самиот закон што го имате, се кажува не треба да се врши асполутно никаков притисок на гласачите дали гласаат или не треба да излезат на гласање. Во случајот тој притисок е направен, но казни нема и сите кажувате дека тоа е регуларно и така треба да биде.

Член 34, мислам дека се повторува една иста работа, го заменува членот 32, додавате нов став 3 кој гласи: организаторот на изборната кампања е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Прво се задолжуваат општините потоа се задолжува и организаторот. Мислам дека тука треба, паралелизам постои, и кога едни на други го оставаат сето тоа тешко и да го расчисти некој. Треба децидно да се каже што и како.

Понатаму член 36 кој го менува членот 33 се кажува: за потребите на изборната кампања не е дозволено да се користат просториите, опремата и другиот имот што е наменет за работа на државните органи и органите на општината и Градот Скопје. што ако овие простории, опрема и друг имот и сите ресурси се користат во текот на изборната постапка? Што е предвидено, дали има казни, дали некој треба да се санкционира за сето ова или е само нагласено дека нема потреба,

може цела влада да се вклучи во кампањата и тоа е во ред, да се користат сите ресурси што стојат на располагање.

Мислам дека и овде треба да дефинирате што е што.

Понатаму член 39. Во членот 39 има неколку става, се менува членот 36 и се кажува: изборната кампања не смее да се финансира од средства од Буџетот на Република Македонија, средства од буџетите на општините и на Градот Скопје, средства од јавните претпријатија и установи, средства од здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации и средства од странски влади, меѓународни институции, органи, организации на странски држави и други странски лица.

Тука треба да бидеме децидни. Ние викаме здруженија на граѓани, здруженија на граѓани, многу тешко можеме да дојдеме до изворот на средствата од каде се финансираат. Многу чудно, секогаш здруженијата се вклучуваат точно во овие кампањи  пред избори, за избори, по избори и тука повторно не стои кој за што ќе биде казнет ако ова се случува и ако овие средства од буџетот, од општините, од овие здруженија се преточат во политичките партии. Таква работа немате кажано, значи не смее да се финансира.

Понатаму доаѓаме до истиот член, мислам дека господинот Костовски го елаборира доста, тоа е многу воочливо секој што го читал законот прв пат да се прочита ако на подрачјето на Градот Скопје има помалку од 20, мислам дека апсолутно не држи, помалку од 20 граѓани, ова е спротивно и со уставот и со членот и со Охридскиот договор и апсолутно се што постои во Република Македонија, некој сака, ако е вака, воопшто не е како што треба.

Понатаму во стариот закон член 49 на овие избори се покажа дека луѓето, посебно за оние за кои треба да водиме грижа - болните и немоќните, едноставно со документацијата која му се бара ги донесуваме во многу непријатна и болна ситуација, едноставно луѓе со секакви болести, луѓе кои едвај можат да се доберат до гласачкото место, ги принудивме за овие избори да дојдат и да гласаат затоа што немале потврда за помош од друго лице, немале потврда од незнам каква друга потврда, болнички отпуст, мислам едноставно тука нема никаков сомнеж и на овие луѓе треба да им се овозможи да си го остварат своето право и тоа треба да го направите.

Во член 50 од истиот закон стои: гласањето во конзуларните претставништва, ова што го нудите овде, не го видов никаде, мислам дека треба да се објасни.

Член 52, велите дека цензусот направивте да биде 1/3. Незнам од што се водите да биде 1/3 и тој да биде цензусот кој ќе го определи градоначалникот. Значи, може да се случи од тоа 1/3 да излезат двајца кандидати или тројца и да се случи градоначалник да стане човек што ќе има 10% во таа општина. Со 10% од гласовите на гласачите во општината тој може да стане градоначалник на сите граѓани во општината било каде да се наоѓа. Апсолутно не држи и дека за ова треба да се размисли. Она што беше 1/2 треба да остане и мора на тој начин да се решаваат работите.

Би полемизирал и во однос на тоа што треба да бидат двајца кандидати, ако гласовите на тројца, четворица кандидати биле толку блиску зошто би се елиминирал некој што бил трет, има 9 или 10% од гласачите во општината. Мислам дека и тоа треба да се разбере.

Член 52-а нов во кој кажувате: за важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за која листа на кандидати односно градоначалник избирачот гласал.

Господине министре ќе ве запрашам што за вас значи сигурен и недвосмислен начин. Многу добро кажувате во претодните закони кој е начинот едно гласачко ливче да биде исправно, да се заокружи бројот пред кандидатот кој треба да биде градоначалник и пред членот за советот. Во овој случај вие кажувате ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди. Кој е тој што ќе го утврди? Дали има критеруми или ова е само напишано да бидеме сигурни во оваа ситуација последните избори имаше многу такви сигурни и недвосмислени и вие дојдовте до 25-30 илјади гласачки ливчиња кои ги прогласивте за неважечки, а сигурно и самите видовте дека сигурно и недвосмислено беше гласано за еден од кандидатите.

Затоа мислам дека треба да бидете прецисни при донесувањето на законски проекти.

Член 57, членот 57 во кој кажувате дека изборната комисија со решение го поништува гласањето на гласачкото место во случаите ако е нарушена тајноста на гласањето, гласањето било прекинато подолго од три часа, полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијание врз спроведување на гласањето на избирачкото место, бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите што гласале, а тој број влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и градот Скопје. Некое лице или лица гласале за други лица, а бројот на тие гласови влијае на резултатот.

Новиот член 57 кој го менува членот 60 како закон е многу добар, но кога ќе дојде пред Врховен суд, до ДИК, апсолутно кон ова не се придржувани, анблок, се одбива се, нема влијание, јас незнам што значи да има влијание. Дали 5000 гласови, дали 100.000 гласови имаат влијание или немаат влијание на одредена определба на гласачкото тело. Направен фалсификат, докажано, вие кажувате не влијаело на бројот на гласовите. Апсолутно мислам дека не држи.

Понатаму, членот 65: изборите можат да ги набљудуваат, како што кажав, меѓународни организации, претставници на странски држави, регистрирани здруженија на странски земји во чии статути се вклучуваат начелата на демократијата и заштитата на човековите права, регистрирани домашни. Сето ова, колку тие здруженија и кој ќе ги определи, во Статутот секогаш здружение може да постави дека се вклучува са начелата, мислам дека нема здружение кое не ги вклучува начелата на демократија и заштита на човековите права. Тоа ќе стане на секое изборно место да имаме најмалку по 20-30 набљудувачи. Апсолутно мислам дека треба да се дефинира и да се знае кој и за што може да дојде и да биде тој што ќе кажува.

Понатаму кажувате во членот 68 кој го менува членот 72 дека со парична казна од 200 до 300 илјади денари ќе се казни за прекршок политичка партија која не се придржува до рокот од членот 26 став 1 од овој закон. Од друга страна исто со парична казна по член 70 кој го заменува членот 72: ќе се казни јавно гласило со тие пари, а некоја од политичките партии, верувајте ми,што ќе излезат на овие локални избори, можеби ги немаат тие пари за да ја почнат кампањата. Но, од друга страна лице кое ќе искине некоја плаката и лице кое ќе прекине и ќе направи фалсификат, се казнуваат со иста казна. Апсолутно мислам дека не е во ред.

На крајот самите во преодните и завршните одредби кажувате во членот 75 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за локалните избори.

Ова е тоа што го понудивте господине миистре, ако мислите дека е толку јасно, можеби ви е јасно или им е јасно на тие што го работеле законот, но гледајќи ги сите промени од ова што го нудите, од тоа што многу членови од стариот закон се испреплетени, префрлани од една во друга од стариот закон, мислам дека таков пречистен текст би бил можеби многу подобар за да можеме да отвориме една нормална дискусија во која и овие поднесени амандмани што денеска ќе треба да ги разгледуваме, не донесат во ситуација да направиме навистина еден добар закон

кој ќе биде за сите и кој ќе биде трајна вредност, а не да ги менуваме на секои избори 1996, 2000, 2004 година.

Затоа се надевам дека ќе имате можност да го добиеме како пречистен текст и да можеме да имаме забелешки токму на него. Ова е сето што можевме да го направиме за ова кратко време во кое ни го понудивте законскиот Предлог-закон за дополнување на Законот за локалните избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули имате реплика од 3 минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, само во интерес на вистината, ние со овој закон, а и со министерот за правда имавме ретка прилика да бидеме поканети, мислам на политичките партии и од позицијата и од опозицијата на работна средба на која се гледаше законот. За жал, дел од опозицијата односно ЛП присуствуваше, а партијата ВМРО - ДПМНЕ и по 30-минутно чекање во просторите кај министерот не дојде  и за жал неможевме овие дилеми и дискусии околу законот да ги размениме таму.

Оваа позитивна иницијатива на министерот, не сакам да испадне дека пропаднала, напротив, дел од забелешките ги прифати и се наоѓаат во овој текст на законот, затоа не мислам дека немало време и дека денеска е донесен законот, напротив, имавме шанса за тоа да разговараме.

Второ, не би сакал да го бранам, но амандманите и процедурата со амандманите е дел од Собранието, тоа е наша активност, така што не треба да се ставаат забелешки за нешто што апсолутно не држи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски 1 минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се обидувам да го разберам господинот Јани Макрадули, но ако сметам дека сите 120 пратеници треба да бидеме присутни на сите комисии и разговори со министрите незнам како ќе функционира Собранието.

Јас како пратеник го добив овој предлог на текст, го разгледав, ова се мои лични забелешки. Сега, ако треба да одиме на сите комисии, тогаш во ред, мислам дека секој од нас си има матични комисии во кои работи и едноставно не треба да повикувме  за нешто што можеби моите колеги дополнително ќе искаже дополнителни забелешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има госпоѓа Елеонора Петрова - Митевска, а нека се подготви господинот Зоран Шапуриќ за дискусија.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, господа министри, колеги пратеници,

Немам намера надолго да презентирам ништо околу законот и за измените и дополнувањата на Законот за локални избори со Предлог-закон. Би сакала да се задржам само на членот 18, во новиот закон 15-а и би сакала тука да ја поздравам Владата и Министерството за правда заради фактот што со воведувањето на квота од 30% затапеност на обата пола во овој член се прави еден процес на демократизација во општеството, бидејќи демократски се оние општества кои на двата пола им даваат еднакви права во сите сфери на живеење вклучително и во политиката и дека навистина многу значи и може да се смета дека е историски настан што ова се случува на ниво на локалните избори.

Сметам дека е особено битно што Република Македонија во овој процес се приближува не само до Европа туку и до светот, бидејќи во поголем број европски земји, а исто така и земјите од Јужна Америка, дури и земјите од Азија вклучително и законите на Кувајт и Авганистан се менуваат во позитивна насока така што сметам дека ваквото приклучување на Македонија кон демократизација на општеството во однос на еднаква застапеност на жените и мажите, треба само да се поздрави.

Не би сакала да ги набројувам сите позитивни примери кои одат кон тоа во кои земји од Европа или од светот е воведена квотата, меѓутоа би сакала да се задржам на прашањето околу фактот дека прашањето на квотата секогаш донесувало полемики во било која земја да било предложено. Било да се работи за тоа дали е позитивна или негативна работа, бидејќи постоеле мислења колку значи прогрес и напредок за вклучувањето на жените во политиката од друга страна значело дека без голем труд на некој начин се вклучиле во политичките текови а постоело мислење дека е противуставно заради фактот што не им дава еднакви права на мажите и жените, туку ги фаворизира жените на некој начин.

Веднаш да објаснам дека не може да стане збор за неуставност или неуставна категорија пред се заради фактот рамноправноста на половите произлегува од тоа дека треба да се тргне од еднаква поставеност на мажите и жените во општеството. Доколку жените би биле застапени со најмалку 50% и во политичкиот живот и доколку би се вовела квота за нивно понатамошно ангажирање

во политиката, тогаш би претставувало неуставна категорија форсирањето на жените.

Во случај кога застапеноста на жените е многу мала или 11%, како што е застапеноста на жените во локалните структури на локалната самоуправа во Република Македонија, ваквото воведување на квота само помага жените да бидат вклучени повеќе во политичкиот живот и со тоа да се случи она што го кажав на почетокот демократизација на општеството, односно одење на повисок развој на демократијата на едно општество, бидејќи еднаквите права се загарантирани на сите граѓани на една држава.

Реков дека тука немам намера да ги споменувам одредени примери, меѓутоа, можеби е корисно да се спомнат европските примери кои овозможуваат во поголем број земји од Европа по пат на квота голем број жени да влезат во политичкиот живот на една земја, можеби приближно на нашиот принцип кој го вовеле белгијанците каде 1/3 од сите кандидирани членови на национално и на локално ниво мора да бидат од различен пол или најмалку 2/3 од еден пол можат да бидат членови на локално или на национално ниво.

Значи дека секој трет претставник мора да биде од различен пол на листите и тоа е еден просек кој навистина овозможува застапеност на жените од најмалку 33,33% на листата. Со нашата застапенот на листите од 33% ние се приближуваме до тој модел, иако поголем број земји во Европа, како што се Германија застапува 40% застапеност на жените, или Скандинавските земји 50% или машко - женско, или ако сакате женско - машко во зависност од тоа како се составени кандидатите на листите. Затоа и ние група пратеници предложеивме на овие листи кои ќе бидат за локалните избори, покрај застапеноста од 30%, тие да бидат распоределени еднакво на листите, што мислам дека оди кон демократизација на општеството и треба да се поздрави како историска победа на рамноправноста на половите во нашата земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Член 9 од Уставот на Република Македонија - Граѓански и политички слободи и права: “Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви”. Мислам дека Уставот е доволно прецизен, доволно јасен, така што дискусијата во оваа насока со овие - не би сакал да бидам

непристоен,  но со ова воодушевување од некаков историски момент беа историски во моментот кога творците на Уставот го утврдија членот 9 од Уставот на Република Македонија, каде сите граѓани без оглед на се се еднакви, затоа што ако се обидеме дискусијата да ја завртиме во насока, како што почитуванта колешка тоа да го направи, тогаш можеме да бараме 30% за луѓе до 35 години, 30% за луѓе над 35 години, за црнокоси, русокоси, синооки и тн. Мислам дека членот 9 од Уставот на Република Македонија на секој граѓанин државјавнин на Република Македонија му дава право да биде активен учесник во политичкиот живот, согласно неговите афинитети, желби и можности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контрареплика, повелете госпоѓо Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Сметам дека со овие конзервативни барања на колегата од опозиционата партија ние ќе бидеме единствената земја во светот која нема да ги фаќа европските или светските трендови, бидејќи општо е познато, ги кажав примерите, на сите европски земји кои тежнеат за поголема застапеност на жените во политиката, тоа да биде како еден тренд кој ќе овозможи еднаква застапеност на двата пола во политиката. Секое спречување на таквата застапеност води кон владеење само на еден пол и сметам дека нема потреба, бидејќи е изгубена битка однапред заради тоа што нема да бидеме во европскиот тренд, кон кој тежнееме како земја во Европа која не само географски, туку и суштински припаѓа кон Европа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Блаже Стојановски, три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во дел она што сакав да го кажам го кажа господинот Трендафилов за уставната позиција на жената во Република Македонија. Таа е еднаква со мажот, еднакви сме сите и според расна, национална, политичка и друга припадност, што значи дека не смееме да создаваме сегрегација на одредени делови на граѓаните на Република Македонија во однос на други делови. Оваа дискусија отвора дилеми и прашања во смисла дали со декрет со некакво законско решение треба да се создаде обврска, наместо реално по пат на активностите и позиционирањето на жените со нивниот ангажман во Република Македонија, да си обезбедат соодветно учество и во тие листи и во однос на сите политички активности во кои треба да бидат застапени во рамките на политичкото живеење во Република Македонија.

Уште едно прашање кое доаѓа до израз по пат на ваквото решение, дали со ова жените односно предлагачите не признаваат дека се немоќни да се изборат со квалитет, со работа да дојдат на тие места или треба специјално со закон да покажат дека треба да обезбедат таква позиција. Значи, таква доминација на мажите не постои во Република Македонија, еднаквоста е присутна и реалната застапеност треба да биде резултат на политичкиот ангажман на лојалните политички процеси кои се одвиваат во сите политички партии и на тој начин да обезбедиме реално остварување на членот 9 од Уставот на Република Македонија во поглед на еднаквоста на мажот и жената во македонското општество.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Елеонора, имате една минута контра реплика.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Депласирано е да се одговара на ова прашање, бидејќи апсолутно не станува збор за еднаква застапеност на жените и мажите во политиката, не знам од што се плаши колегата, но со поголемата застапеност на жените во политиката можеби жените ќе почнат да доминираат и квалитативно, а не само квантитативно во одредена бројка. Меѓутоа, битно е да се каже дека доколку застапеноста на жените во парламентот беше 50 - 50 немаше потреба да се воведува квота. Можеби во ваква ситуација кога имавме само 6,7% жени во претходниот парламентарен состав, тие се чувствуваа навистина комотно, бидејќи немаа конкуренција, меѓутоа, очигледно дека тие времиња нема да се вратат повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Шапуриќ, имате збор, а нека се подготви господинот Џевдет Насуфи.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Јас би сакал во името на времето, бидејќи седницата ќе прекине, само со неколку зборорив да укажам на причините кои го условуваат донесувањето на овој закон. Ги молам колегите пратеници кои сакаат да се јават за збор да се пријават и да ми овозможат сега да зборувам.

Донесувањето на овој закон е навистина ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во што е проблемот господине Стаменков? Дали згрешив нешто во процедурата? Не ве слушам. Тоа ќе си го кажете во вашиот говор. Ако се јавувате во врска со тоа, тоа не е процедурално.

Повелете господине Шапуриќ продолжете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

На самиот почеток јас би сакал да кажам дека законот како што е предложен во оваа форма и овие рокови, навистина е нужен, нужно е негово усвојување бидејќи овој закон нуди фиксирање на рокот за одржување на локалните избори не само за овие локални избори, туку и за сите идни, а се разбира работа е на политичка проценка на Владата на Република Македонија и Парламентот дали ќе биде тоа третата или четвртата недела од октомври или некој друг термин, но во секој случај ова решение во законот ќе ги отстрани сите дилеми кои постоеја во минатиот период. Имено, постоеше една шареноликост во одржувањето на изборите, односно во преземањето на функцијата на градоначалник и конституирање на советот, со што навистина се создадоа многу големи недоразбирања, па дури и во одредени општини судири. Мислам дека овој закон ова ќе го отстрани.

Инаку, да се потсетиме, доколку не го усвоиме овој закон наскоро, претседателот на Собранието на Република Македонија согласно стариот закон, согласно решението наскоро ќе биде обврзан да ги распише локалните избори. Досегашниот закон имаше такво решение каде условуваше сите наредн локални избори да бидат поместени од 60 до 90 дена, што ќе значеше постојано скратување на мандати и би се довеле во состојба за два до три циклуса да се скрати мандатот на носителите на локалните функции дури и за една година.

Имајќи предвид дека ни претстои процес на трансфер на надлежностите од централната на локалната власт и значително посилни надлежности на локалната самоуправа, а имајќи го предвид и фактот дека до одржувањето на локалните избори, во законот се предвидува тоа да биде третата недела во октомври, навистина немаме многу време ниту за донесување на овој закон, ниту за останатите закони поврзани со ова и оттаму Собранието на Република Македонија ќе треба до овој период, барем основните закони, да ги донесе до отпочнувањето на кампањата, бидејќи останатите закони кои се однесуваат на трансферот на надлежности може да бидат донесени до 1 јануари, меѓутоа, Законот за територијална поделба, Законот за локални избори, Законот за финансирање на локалната самоуправа, како и Законот за Град Скопје, мора да бидат донесени што поскоро. Оттаму, навистина кон ова прашање треба да пристапиме доста сериозно.

Јас се согласувам со тоа што го кажа министерот дека еднаш засекогаш да донесеме еден закон, дали тоа ќе биде изборен закон кој ќе ги регулира и локалните и парламентарните и претседателските избори, или пак тоа ќе бидат посебни

закони, но треба да донесеме еден закон за да не се доведуваме во таква состојба. Традиционално веќе 13 години се доведуваме во таква состојба да ги донесуваме законите месец - два или три пред изборите. Во 1996 година Законот го донесовме само пет дена пред распишувањето на изборите. Сепак сметам дека во поглед на динамиката ова е чекор напред и доколку настанат определен проблеми што ги спомнаа пратениците, тие ќе можат да се корегираат.

Инаку, во поглед на решенијата на законот за скратување на изборната кампања и некои други одредби кои се во врска со изборната кампања потполно ги поддржувам, но ги поддржувам залагањата на колегите пратеници со поднесените амандмани изборната кампања да биде скратена на 20 дена. Сметам дека овде се работи за локални избори и луѓето многу подобро се знаат на локално ниво отколку на ниво на целата држава и скратувањето на кампања би можело да дојде предвид. Од друга страна, тоа би значело намалување на трошоците на изборната кампања и мислам дека и ова решение кое е предвидено во основниот текст од 30 дена би можело да се намали за 5 - 10 дена, значи 20 дена би било доволно за кампањата.

Што се однесува до намалувањето на изборниот цензус мислам дека тоа е добро решение и во иднина треба да размислиме, барем кога се работи за локални избори, бидејќи компаративната анализа во повеќе европски земји укажува дека во многу европски земји не постои цензус, но во секој случај добро е што се намалува цензусот. Верувам дека во иднина и ние ќе дојдеме до тоа решение луѓето сами да одлучат кој број ќе излезе и на кој начин ќе ја манифестираат својата волја при одржувањето на локалните избори.

Што се однесува до одредени одредби, очигледно тие мора да бидат усогласени со останатите закони бидејши одредени делови поврзани со изборите не се регулирани со овој закон, важат одредби од друг закон.

Сосема на крајот би сакал да кажам дека го поддржувам донесувањето на овој закон и сметам дека прашањето на изборна регулатива во наредниот период би требало да биде една од основните задачи на Владата на Република Македонија и на овој Парламент за да донесе еден целосен, комплексен закон или одделни закони, за да не се доведуваме во ваква положба премногу често да ги менуваме изборните закони.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џевдет Насуфи, има уште пет минути до прекинувањето на седницата.

Дали за пет минути ќе завршите или да продолжиме на следната сесија со вашето излагање?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ќе завршам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете тогаш.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

За жал, историјата ни се повторува. Ќе се обидам да го почитувам времето кое претседателот ни го наметна. Ќе кажам дека пред неколку дена пријатно не изненади службата кога не повика и не праша дали сакам да зборувам на албански јазик. Пред неколку месеци тоа не можевме да го правиме. Истите закони важеа и пред неколку месеци и денес. Значи, волјата на некого беше таа што одредуваше, детерминираше. Законот кој го разгледуваме, значи политичката волја го детерминира овој закон. Затоа, и министерот во оваа прилика би го замолил да не ми реплицира, затоа што сигурно не е негова волја што овој закон е ваков.

Пред се, имам основна забелешка од аспект на јазикот и тоа во членот 26, каде се вели дека лицата на кандидатите се одредува, се ограничува, се определува дека може да се направи на албански јазик само во општините каде се најмалку 20% албанци, на друго место не. Тоа важи и за јавниот повик за гласање, членот 43 дека истото начело важи и таму, додека истовремено за гласачките ливчиња истото е и во членот 46. Значи, албанскиот јазик може да се употребува само во општините каде најмалку 20% населението е албанско. Сега, повторно се судруваме со амандманот В. Зошто се судруваме со амандманот В? Службен јазик е македонскиот јазик и тој ајзик се употребува во цела Република Македонија и во меѓународна комуникација. Ова е разликата. Во другиот пасус се вели дека службен јазик е и албанскиот јазик. Сега се гласања и незнам зошто со овој закон повторно се детерминира употребата на албанскиот јазик со критериумот, со начелото, со елементот на локалната самоуправа. Зошто се надоврзува официјализирањето на јазикот со локалната самоуправа. Тоа е уставна катетогирја. Албанскиот јазик е службен јазик. Затоа, мислам дека и во овој случај историјата се повторува во негативна конотација. Јас мислев, откако ја добив поканата, ќе се изнајде политичка волја да се надмине оваа девијација или оваа негативна волја што се изразува постојано кон албанскиот јазик.

И на крајот, за да бидам педантен и да го почитувам времето, мислам дека законот е потребен. Меѓутоа, ако се определиме за цензус со кој ја оштетуваме содржината или демократијата во Република Македонија, што значи само со една третина од граѓаните некој може да биде претседател на општина или градоначалник, мислам дека не е в ред. Земјите во транзиција како што е Република Македонија се пред испит на демократијата. Ние не можеме и не е упатно сега да направиме притисок како што беше притисокот за претседателските избори. Ние со разни притисоци ги натеравме граѓаните да излезат да гласаат и со законски и со незаконски пресии. Сега правиме законска пресија, законски притисок, затоа што ја повредуваме демократијата во прилог на тоа да добиеме што побрзо градоначалник. Значи, политичкиот естаблишмен се плаши од тоа што граѓаните ги има опфатено една општа апатија од една јалова политика. Ова е евидентно и решението сега го барате во намалувањето на цензусот. Тоа не е в ред. Затоа, јас мислам како Парламент, како пратеници, како опозиција и позиција треба да изнајдеме овие забелешки да ги прифатиме. Ние сме подготвиле амандман и се надевам дека ќе имате разбирање и ќе ги усвоите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука завршуваме со денешната сесија.

Само сакам да ве известам дека пред два часа се испратени до вас сите комплетни материјали за избор на нова влада и јас потпишав решение и закажав седница за избор на нова влада на 31 мај, понеделник.

Продолжуваме во вторник во 10,оо часот со оваа седница.

(Седницата прекина во 17,оо часот)